Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Macedonian Red Cross

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# RAPORTI VJETOR
# ANNUAL REPORT
# 2017



# СОДРЖИНА:


ВОВЕД ........ 3

УСПЕШНО СПРОВЕДЕНИ ИЗБОРИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА ........ 4

НОВИНИ ВО ИНТЕРНАТА РЕГУЛАТИВА ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ ........ 6

РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО И МЕЃУНАРОДНА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА ........ 7

ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА ........ 12

ДИСЕМИНАЦИЈА ........ 14

ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ ........ 16

ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 17

МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ ........ 18

ПОДДРШКА НА МИГРАНТИТЕ КОИ ТРАНЗИТИРААТ НИЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 19

ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ ........ 21

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ ........ 26

СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ ........ 27

ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ ........ 33

ПРВАТА ПОМОШ - СПАСУВА ЖИВОТ ........ 35

КРВОДАРИТЕЛСТВО – ДАРУВАЈ КРВ, БИДИ ХУМАН ! ........ 38

МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ ОД КОРПОРАТИВЕН СЕКТОР ........ 40

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА ........ 42

# ВОВЕД

*Во годишниот извештај на Црвениот крст на Република Македонија за 2017 година се инкорпорирани нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои што соработувавме и опфатените корисници на нашите услуги во изминатата година. Нашите остварувања прикажани низ страниците на годишниот извештај пред се се должат на придонесот и големиот ентузијазам на волонтерите и вработените на организацијата кои успешно се справија со сите задачи и предизвици на национално и локално ниво во 2017 година.*

*Годината ја одбележа успешното спроведување на изборниот процес во организацијата. Голема благодарност за раководната структура која успешно ја водеше нашата организација во изминатиот мандат и топло добредојде за новата раководна структура на национално и локално ниво која ќе има за цел да продолжи понатаму со успешниот развој на нашето национално друштво. Во овој период националното друштво го донесе новиот Статут на организацијата и значително ја подобри нормативната рамка во повеќе области на делување.*

*Во 2017 година работевме на подигање на свеста на јавноста за заштита и превенција од различни болести на модерното време и работевме во училиштата со младите и наставниот кадар во градење на капацитетите за подготвеност и одговор при катастрофи. Нашата организација даде посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Ги помагавме настраданите од природни катастрофи и различни итни состојби. Го промовираме крводарителството, вршевме обуки по прва помош, работевме со лицата во трето доба и со најмладите. Вршевме дисеминација и ги промовираме хуманите вредности.*

*Континуирано обезбедувавме поддршка заирегуларните мигрантите кои транзитираат низ Република Македонија. Ги помагавме бегалците, азилантите, бездомниците, децата на улица, социјалните случаи, старите и изнемоштени лица, децата без придружба, жртвите на трговија со луѓе, хендикепираните лица, сиромашните и маргинализираните лица, зависниците, спојуваме разделени семејства како резултат на конфликти и миграции и многу други. Заедно со нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од Движењето и меѓународни агенции, обезбедивме значителна поддршка за најразлични иницијативи за подобрување на животот на различни категории на ранливо население. Голема благодарност до сите нив што продолжија да не препознаат како партнер кој континуирано испорачува резултати во интерес на нашите целни групи. .*

*Покрај имплементацијата на традиционалните програмски и проектни активности во измината година одвоиме и должно внимание за зајакнување на нашите општински организации на Црвен крст преку инвестирање и надградување на нашите капацитети и компетенции со цел да бидеме колку што е можно поподготвени да го дадеме нашиот скромен придонес во унапредување на животот на луѓето во локалните заедници.*

*Ве покануваме низ страниците на нашето тријазично издание на годишниот извештај да прочитате кои беа нашите клучни остварувања, предизвиците со кои што се судиравме, партнерите на кои што се потпиравме, соработниците и волонтерите кои овозможија да ги спроведеме активностите во интерес на целните групи на население кои ги опслужуваме.*

д-р Саит Саити
Генерален Секретар

Проф. Др. Ромел Велев
Претседател

# УСПЕШНО СПРОВЕДЕНИ ИЗБОРИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Годината која измина беше во знакот на спроведување на редовните избори на Црвениот крст на Република Македонија на сите организациони нивоа на поставеност за мандатниот период 2017-2021 година, а на што претходеше донесување на нови акти или изменување и дополнување на постојните интерни документи.

Собранието на Црвениот крст на Република Македонија на 01.03.2017 година донесе нов Статут на Црвен крст на Република Македонија кој покрај квалитетни подобрувања во работењето на Црвениот крст, содржи измени и во спроведување на изборите.

Заради усогласување со новите статутарни одредби, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на 28.03.2017 г.одина донесе нови Правила за спроведување на избори и верификација на изборниот процес во Црвениот крст на РМ како и Одлука за критериумите, квота и структура на избрани претставници во организацијата на Црвениот крст на РМ во мандатниот период 2017 - 2021 година, при што ги задолжи основните и општинските организации при изборот на претставници во Собранието на Црвениот крст на РМ и собранијата на општинските организации да се запази структурата на жители во единиците на локалната самоуправа кои ги покриваат во своето работење, а посебно на половата, етничката и старосната структура, профилот и степен на образование и претставници на целните групи корисници и даватели на услуги на Црвениот крст на РМ кои треба да ја отсликуваат разноличноста на општинските организации во кои членуваат поединци од различни општествени слоеви, ентитети, структури и групи.

Со Одлука од 29.03.2017 год. Претседателот на Црвениот крст на РМ ги распиша редовните избори на сите организациони нивоа во Црвениот крст на Република Македонија, за мандатниот период јуни 2017 - јуни 2019 година и за младите на Црвениот крст на РМ, кои треба да се одржат најдоцна до 30.06.2017 година.

Јавните настапи на кандидатите за Претседатели на Општинските организации на Црвениот крст на РМ пред своите сограѓани, во печатени и електронски медиуми придонесува за транспарентна работа и популаризација на организацијата на Црвениот крст на РМ, а што секако ќе придонесе за привлекување на поголем број волонтери.

Кандидатурата и јавниот настап на кандидатот за Претседател на Националното друштво беше во согласност со условите и критериумите утврдени во Правилата за спроведување на избори и верификација на изборниот процес.

На Конститутивно-Изборната седница одржана на 30.06.2017 година се изврши верификација на избраните претставници од општинските организации во Собранието на Црвениот крст на РМ и се спроведоа избори за носители на функции и членови во органите и телата во Националното друштво.

Имено, бројот на претставници во Собранието на Црвениот крст на РМ е намален и изнесува 59, од кои се избрани 58 (без претставник од Општинската организација Кратово). Членови од стариот состав се 39, односно максимум од 60%, а нови се 19, што е спој на континуитет на стари, но и ангажман на нови членови, а во Раководниот одбор од 13 члена, од стариот состав се 6 членови.

Од 58 членови 24 се жени што е над 40%, 42 односно 73% се Македонци, 14 односно 24% се Албанци, 1 е Србин и 1 е Турчин;

Вкупно 54 се со ВСС, 3 се магистри и 1 е со ССС, а целните групи се најзастапени од здравството, образованието и државните органи и организации, додека стопанството и приватниот сектор е помалку застапен, а Млади се 3, а просечната старост на претставниците 49,23 години.

Како орган за спроведување на изборите и верификација на изборниот процес е Комисијата за спроведување на избори и верификација на изборниот процес формирана со Одлука на Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ, која имаше важна улога во разгледување на доставените изборни материјали и следење на изборни активности на сите нивоа. Комисијата на крај на изборниот процес достави до Собранието на Црвен крст на РМ Извештај за спроведување на изборите и верификација на изборниот процес.





**За Претседател на Црвениот крст на РМ е избран проф.д-р Ромел Велев.** Роден на 19 V 1967 год. во Скопје, каде завршил основно и средно образование а дипломирал на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска. Од ноември 1994 година е вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (ФВМ-С) каде што и денес работи како редовен професор и раководител на Катедрата за фармакологија и токсикологија.

Покрај редовната работа на Факултетот за Ветеринарна медицина, од 2006 година па до денес е член на раководниот одбор на Општинската организација на Црвен Крст "Гази Баба" - Скопје и со својата волонтерска работа придонел за голем број успеси на истата. Во два мандати, од 2008 до 2012 година и од 2012 година до денес, активно учествува во работата на Собранието на Црвениот Крст на Република Македонија, како претставник од Општинската организација на Црвен крст Гази Баба – Скопје.Од 2012 година именуван е за претседател на Комисијата за признанија и член во Комисијата за информирање и комуникации на Црвениот Крст на Република Македонија. Добитник е на признанието за најхумана високообразовна организација на територијата на општина Гази Баба а во 2012 година по повод 35 годишниот јубилеј на ОО на ЦК Гази Баба - Скопје на почесната плакета за значаен придонес во областа на крводарителството.

**За потпретседатели на Црвен крст на РМ се избрани Д-р Нухи Јусуфи и Димитар Каракулев.**

**Нухи Јусуфи** е роден 21. 03. 1955 година во Куманово, Република Македонија каде и денес живее. Д-р Нухи Јусуфи има завршено медицина на Медицински факултет во Скопје во 1982 година а специјализираше на Интерна медицина на Медицински факултет во Скопје и е на суб специјализација по кардиологија. Работи во приватна здравствена установа ПЗУ Ера-ј во Куманово.

Член на Црвен крст од 1985 година. Во почетокот работи како волонтер во ООЦК Куманово. Претседател на Општинска организација на Црвениот крст во повеќе мандати.Беше избран за член на Извршен сега Раководен одбор на Црвен крст на РМ во претходните мандати од 2008 до 2017 гдина

Во периодот јуни 2012 – јуни 2017 година ја врши функцијата потпретседател на Црвен крст на Република Македонија. Крводарител е со над 25 крводарувања.

**Димитар Каракулев** е роден на ден 13.08.1968 година во Кавадарци, каде завршува основно и средно образование.Потоа запишува и завршува факултет за безбедност во Скопје и се добива со звање „дипломиран криминалист".

Вработен е во Министерството за внатрешни работи како инспектор за превенција во Јавниот ред и мир во полициска станица Кавадарци

Во Црвениот крст Кавадарци е вклучен од 1998 година како волонтер и член а од 2004 година е претседател на ООЦК Кавадарци. Од 2008 година до денес е член на Извршниот а сега Раководниот одбор на ЦКРМ а вклучен е и во комисијата за социјално-хуманитарна дејност при ЦКРМ, каде што е дел од успешно реализирани проекти и активности од оваа дејност.

Во 2014 година за своите активности на професионален и волонтерски план Димитар Каракулев носител е на највисокото признание на општината - „наградата 7-ми септември, по повод 7-ми септември патрон на градот Кавадарци.

Во 2014 година добитник е на признание од ЦКРМ за волонтер на годината по повод 5-ти декември светски ден на волонтерството.

**За членови на Раководниот одбор на Црвен крст на РМ се избрани: Бурак Шабани, Сунчица Димитријовска, Фадби Османи, Даут Селими, Сашо Точков, Васил Тунев Зоран Георгиев, Лилјана Ристеска, Миле Тошев и Аленка Шопова.**

## *БЛАГОДАРНОСТ*

**Црвен крст на Република Македонија изразува голема благодарност на членовите на раководната структура на сите организациони нивоа на поставеност во претходниот мандат, за нивниот несебичен ангажман и посветеност во развојот на Организацијата.**

# НОВИНИ ВО ИНТЕРНАТА РЕГУЛАТИВА ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

Црвениот крст на РМ своите цели и задачи ги остварува согласно Уставот на РМ, Законот за Црвениот крст на РМ и Статутот на Црвениот крст на РМ.

Како рамноправен член на најголемото хуманитарно движење во светот, Организацијата во своето работење ги исполнува условите поставени во член 4 од Статутот на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во согласност со член 3 од Статутот и обврските поставени во член 8 од статутот на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Процесот на надградба на капацитети и развој постојано бара надградување на правната рамка со примена и следење на новините во домашното законодавство и нормативните акти на Меѓународното движење преку имплементација во своите интерни акти.

Реформа во нормативната рамка започна со донесување на највисокиот интерен акт-новиот статут на Црвениот крст на Република Македонија на 1-ви март 2017 година, за кој Заедничката комисија на Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Меѓународниот комитет на Црвениот крст за статути на националните друштва потврди дека Статутот е во согласност со минималните норми утврдени во Упатството за подготовка на Статутите на Националните друштва .

Како организација која делува на територијата на РМ и ја сочинуваат општинските организации и Црвениот крст на град Скопје ја наметна потребата од донесување на нови статути на Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје на кои беше дадена согласност од Централната канцеларија на Црвен крст на РМ.

Во одредбите од Статутот е нормирана потребата од подготовка и донесување нови акти како и документи кои треба соодветно да се изменат или дополнат согласно новините и практиката во работењето на Црвениот крст.

При подготовката на актите се воочи потребата од изменување и дополнување на Статутот на Црвен крст на РМ и негово номотехничко уредување, за што Собранието на Црвен крст на РМ во месец декември донесе Статутарна одлука за измена и дополна и номотехничко уредување на Статутот на Црвениот крст на РМ. Комисијата за статут и нормативни акти има обврска да изготви пречистен текст на Статутот на Црвен крст на РМ.

Новина, а истовремено и нормирање на значајни правни прашања се правилниците со кои се уредува материја за формирање, спојување, присоединување, поделба и престанок на ООЦК и ЦКГС, односно статусните промени на ООЦК и ЦКГС како правни субјекти, како и уредување на прашања за условите и постапката за распуштање на собранието на ООЦК и ЦКГС и за одземање на правото на користење на името Црвен крст и амблемот на националното друштво на ООЦК и ЦКГС, донесени од Собранието на Црвен крст на РМ.

Волонтерите и членовите во Организацијата кои ја имаат големата улога во спроведување на хуманитарните цели и задачи се еден од важните услови за функционирање на ООЦК и од тие причини во целост се изменети и донесени или во фаза на подготовка на нови акти за членството и волонтирањето.

Методолошкиот пристап за утврдување на минимален број на членови е сериозен предизвик за фунционирање на општинска организација, односно за вршење на главните и пренесени надлежности како што се крводарителството и првата помош. Оваа материја е уредена во Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ.

Прашањето на одговорност не се сведува само на раководните органи и управувачката структура, но директно и на носителите на одредени функции за кои во новиот акт се предвидени мерки за конкретни повреди.

Политиката за надминување на конфликт на интереси кај раководната структура е посебна и одвоена од политиката надминување на конфликт на интереси за управувачката структура и вработените, уредени во посебни акти.

Овие Правилници наметнаа новини и во постојните правилници, упатства, деловници, кодекси и политики кои претрпуваат измени и дополнувања односно донесување на нови како и меѓусебно усогласување заради подобрување на квалитетот на документите. И во 2018 година ќе продолжи етапно овој процес се со цел да се заокружи нормативната рамка која произлегува од Статутот но и да се уредат одредени прашања кои се однесуваат за стручната служба.

Запознавањето со важни одредби од актите е континуиран процес на одржување на работилници, обуки, работни и консултативни средби, презентации. Пред донесување на новите акти одржани се работилници и работни средби со секретарите, претседателите и потпретседателите на ООЦК со цел да се информираат но и дадат свои забелешки, сугестии и предлози.

Организацијата на Црвениот крст на РМ поставена на сите организациони нивоа, како организација која функционира со професионална стручна служба и волонтери односно нејзини членови, во своето работење и спроведување на активности се должни да ги почитуваат актите донесени од раководната и управувачката структура на Црвениот крст.

# РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО И МЕЃУНАРОДНА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА

Развојните активности на националното друштво во 2017 година беа насочени на подобрување на капацитетите на организацијата и унапредување на квалитетот на услугите за различни категории на корисници на услуги. Примарен акцент беше ставен на обезбедување на партнерска поддршка за програмите на националното друштво, подобрување на компетенциите и вештините на човечките ресурси, продлабочување на партнерската соработка на Црвениот крст во земјата и странство и инкорпорирање на нови развојни методологии во работа на националното друштво.

Годината ја одбележа донесувањето на новата статутарна рамка на организацијата, спроведување на изборниот процес на раководната структура во националното друштво на локално и централно ниво, операцијата за поддршка на мигрантското население кое транзитира или времено престојува во Република Македонија, статутарните состаноци на Движењето и повеќе други настани од интерес за организацијата. Дел од меѓународната поддршка беше насочена на подобрување на оперативните капацитети на нашето национално друштво за подобро справување со сите предизвици.

Поважните активности кои се издвојуваат во делот на организација и развој и меѓународна соработка во 2017 год се следниве:

**Седници на раководен одбор и собрание на ЦКРМ**

Во текот на 2017 година одржани се девет седници на раководниот одбор (четири на стариот состав и пет седници на ново-избраниот состав на раководниот одбор) и четири седници на собранието на националното друштво (две седници на стариот состав и две седници на ново-избраниот состав на Собранието на ЦКРМ). На седниците беа разгледани и усвоени новиот статут и низа документи и одлуки од интерес за функционирањето на организацијата.

**Проект за надградба на капацитети на Црвен крст на РМ**

Во текот на годината е имплементиран проект за зајакнување на капацитети на Црвен крст на Република Македонија со поддршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина. Проектот се имплементира во периодот мај 2017- мај 2018 година и има за цел да се обезбеди унапредување на програмата за прва помош, подобрување на проектното планирање, зајакнување на капацитетите во сферата на подготвеност и дејствување при катастрофи и имплементација на 3 помали проекти за подобрување на состојбите на ранливи групи во локалните заедници.

**Семинар за научени лекции за операција за поддршка на мигранти**

Во периодот од 27-29 јануари 2017 година беше одржана евалуациска работилница за спроведена операција на итен апел за мигранти. На работилницата присуствуваа 36 претставници од прифатните центри за мигранти и проектниот тим одговорен за спроведување на операцијата. Од средбата произлегоа заклучоци и препораки кои претставуваа основа за континуирано обезбедување на поддршка за мигрантите во текот на 2017 година.



**Координативна средба со секретари на општински организации на Црвен крст**

Во периодот од 07-09 април во Струга се одржа консултативна работилница со секретарите на општинските организации на Црвен крст. На работилницата зедоа учество секретарите на општинските организации на Црвен крст при што беа дискутирани повеќе прашања како што се мигрантската криза, изборниот процес, новиот информативен менаџмент систем, стандардни оперативни процедури за постапување при итни состојби и процесот на набавки во националното друштво.

**Семинар со локални чинители вклучени во операција за поплавите кои ја зафатија Македонија во август 2016**

а МХП, на покана од министерство за надворешни работи, го номинираше кандидатот г-дин Владимр Ортаковски за член на Меѓународна комисија за утврдување факти од хуманитарен карактер од страна на Република Македонија.

На меѓународен план во периодот 6-7 октомври 2016 година во Сараево, Меѓународен комитет на Црвен крст организираше регионална работилница за употреба и заштита на амблемот на Црвениот крст и ратификација на договори од областа на Меѓународното хуманитарно право од страна на државите во кои функционираат националните друштва. На работилницата учествуваше претставник на Црвениот крст на Република Македонија кој ја презентираше работата на националното друштво во доменот на дисеминацијата.

**Посета на делегација на Меѓународен Комитет на Црвен крст**

На 28 април Црвениот крст на Македонија беше посетен од делегација на Меѓународен Комитет на Црвен крст со цел да се дискутира имплементацијата на програмата на службата за барање и дисеминација за 2017 година и да детектираат можности за проширување на соработката во 2018 година.

**Лидерски состанок во Загреб**

Лидерскиот состанок се одржа во периодот од 29-31 мај во организација на Меѓународна Федерација на ЦК/ЦП, МКЦК и Хрватски Црвен крст. На состанокот присуствуваа претставници на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, и на Меѓународниот Комитет на Црвен крст како и претставници на ЕУ канцеларијата на Црвен крст од Брисел и национални друштва од Југоисточна Европа. На состанокот беа презентирани повеќе актуелни содржини поврзани со работата на Движењето. Акцентот беше ставен на донесување на заедничка платформа за добрососедска поддршка во сферата на подготвеност и дејствување при катастрофи, наречена "Соседите помагаат први", подготовки за претстојните статутарни состаноци на Движењето, дискутирање на можностите за аплицирање на ЕУ проекти кои се достапни за организациите на Црвен крст како и споделување искуства и практики во доменот мобилизирање фондови.

**Посета на делегација на Меѓународна Федерација**

Кон крајот на месец август шефот на Зонската Канцеларија на Меѓународата Федерација, г.дин Симон Мисири и одговорното лице за Македонија, Мете Петерсен го посетија Црвен крст на РМ. Цел на посетата беше разгледување на тековните активности кои се одвиваат во соработка со Меѓународната Федерација и дискусии околу програмска поддршка за тековната и следната година 2018 година. За време на престојот делегатите ја посетија централната канцеларија, Црвениот крст на град Скопје, Црвениот крст на Охрид, прифатните центри за мигранти и остварија средби со потпретседателот на Владата на РМ, г.дин Оливер Спасовски.



**Работна средба со секретари, претседатели и потпретседатели на општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје**

Кон крајот на месец август шефот на Зонската Канцеларија на Меѓународата Федерација, г.дин Симон Мисири и одговорното лице за Македонија, Мете Петерсен го посетија Црвен крст на РМ. Цел на посетата беше разгледување на тековните активности кои се одвиваат во соработка со Меѓународната Федерација и дискусии околу програмска поддршка за тековната и следната година 2018 година. За време на престојот делегатите ја посетија централната канцеларија, Црвениот крст на град Скопје, Црвениот крст на Охрид, прифатните центри за мигранти и остварија

средби со потпретседателот на Владата на РМ, г.дин Оливер Спасовски.

**Регионален состанок на земјите од Југоисточна Европа во Суто Море**

Во периодот од 29 до 30 септември се одржа регионален координативен состанок за подготвеност при катастрофи на националните друштва на Црвен крст од Југоисточна Европа во Суто Море, Црна Гора. На состанокот присуствуваа и претставници на Зонската Канцеларија на Меѓународната Федерација и Меѓународниот Црвен крст. Цел на работната средба беше формирање на координативна група која ќе ги координира активностите на националните друштва во регионот на полето на подготвеност и дејствување при катастрофи.

**Билатерална соработка со Бугарски Црвен крст**

Во периодот од 23 до 25 Октомври, 2017 година во посета на Црвен крст на Република Македонија престојуваше делегација од Бугарски Црвен крст во состав: Академик д-р Христо Григоров, Претседател на Бугарски Црвен крст; Проф.д-р Красимир Гигов, Генерален директор на Бугарски Црвен крст; Преслава Лилова, Раководител на одделот за Меѓународна соработка на Бугарски Црвен крст и г-дин Калчо Хивов, надворешен соработник.

За време на престојот се реализираше средба со генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија, д-р Саит Саити и претседателот на Црвениот крст на Република Македонија проф.д-р Ромел Велев. Двете национални друштва го проширија меморандумот за соработка кој ја дефинира соработката помеѓу двете национални друштва во сферата на организацискиот развој, меѓународната соработка на националното друштво на локално и национално ниво, спасување во планина и безбедност на вода, подготвеност и дејствување при катастрофи, прва помош и крводарителство, социјално хуманитарни активности и активности на младите и волонтерите.

**Посета на делегација на Австриски Црвен крст**

Во периодот од 02 до 04 октомври 2017 година во посета на Црвен крст на Република Македонија беше трочлена делегација на Австриски Црвен крст предводена од шефот на Одделот за Меѓународна Соработка г.дин Валтер Хајек. За време на посетата делегацијата оствари посета на централната канцеларија на ЦКРМ. При тоа стана збор имплементација на различни проектни активности кои ги реализира Црвениот крст на Република Македонија со средства и во соработка со Австрискиот Црвен крст. Исто така беа посетени општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Црвен крст Крива Паланка и Црвен крст на град Скопје. Примарна цел на посетата беше




разгледување на тековната програмска соработка и детектирање на можности за унапредување на соработката во различни програмски области на двете национални друштва. За време на престојот се реализираше и средба со канцеларијата на Европската Унија во Скопје при што стана збор за имплементацијата на ЕУ проекти на Црвениот крст на Република Македонија и можности за аплицирање на повици на ЕУ во претстојниот период. Исто така беше реализирана работна средба со амбасадорот на Република Австрија во Македонија, Маг. Ренате Коблер.

**Присуство на генерално собрание на Норвешки Црвен крст**

Во периодот од 06 до 07 октомври двочлена делегација на Црвен крст на Република Македонија присуствуваше на генералното собрание на Норвешки Црвен крст кое се одржа во Хаугесунд, Норвешка. Во текот на престојот делегацијата оствари работна средба со претседателот на Норвешки Црвен крст, Свен Молеклеив и раководителот на меѓународниот оддел, Торис Јаегер. Во разговорите стана збор за постојната соработка помеѓу двете национални друштва особено во доменот на мобилизирање на фондови и миграции. На генералното собрание свое обраќање имаше и Црвениот крст на Република Македонија во кое беше истакната одличната соработка и поддршката која ја обезбедува Норвешкиот Црвен крст за нашето национално друштво во изминатите години, позитивните искуства од воспоставената соработка помеѓу двете национални друштва на општинско ниво како и прашањето на миграциите и искуствата на Црвениот крст на Република Македонија.

**Годишен состанок на национални друштва членки на ЕУ**

Во периодот од 15 до 17 октомври, 2017 година двочлена делегација на Црвен крст на Република Македонија учествуваше на годишниот состанок на националните друштва од земји членки на Европска Унија. Состанокот се одржа во Брисел, Белгија во просториите на ЕУ канцеларијата на Црвен крст. Дел од состанокот беше посветен на земјите од Западен Балкан, односно обезбедување на инструктивна поддршка за националните друштва на Црвен крст во периодот на Евро-интеграциите на земјите од Западен Балкан. На годишниот состанок покрај националните друштва од земјите членки на ЕУ присуствуваа и националните друштва на Црвен крст на Република Македонија, Црвен крст на Босна и Херцеговина, Црвен крст на Србија и Црвен крст на Црна Гора. Секое од националните друштва презентираше одредена проектна содржина во рамки на имплементацијата на проекти од ИПА фондови. Црвениот крст на Република Македонија го презентираше ЕУ Проектот за преземање на акција за подобра конкурентност на пазарот на трудот имплементиран во соработка со Занаетчиската Комора на Скопје во периодот 2015 – 2017 година.

**Статутарни состаноци на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина**

Статутарните состаноци на Движењето се одржаа во Анталија Турција во периодот од 6 до 11 ноември, 2017 година (Генерално собрание на Меѓународната Федерација се одржа во периодот од 6-8 ноември 2017 година и Советот на Делегати се одржа во периодот од 10 до 11 ноември). На генералното собрание беа спроведени избори во Меѓународната Федерација за претстојниот четиригодишен период. За нов претседател на организацијата е избран Франческо Рока од Италијанскиот Црвен крст. На Собранието беше избран и новиот раководен одбор на Меѓународната Федерација за претстојниот мандатен период и беше усвоена програмата и буџетот на организацијата за претстојниот двегодишен период. На Советот на Делегати беше доделен медалот Анри Динан на Михаел Ботхе од Германскиот Црвен крст и Артур Агани од Суданскиот Црвен крст. Медалот Флоренс Најтингејл беше доделен на 39 медицински сестри од 22 земји. На Советот беа дискутирани повеќе прашања и усвоени резолуции на следниве теми: Зајакнување на координацијата и соработката на движењето; Принципи за движење и мобилизација на ресурси за спроведување на активности; Повик за акција за хуманитарните потреби на ранливите мигранти; Активности за елиминирање на нуклеарното оружје; Имплементација на Меморандумот за разбирање и Договор за оперативни аранжмани од 28 ноември 2005 година помеѓу Палестинското друштво на Црвена полумесечина и Маген Дејвид Адом во Израел; Образование: хуманитарни потреби; Решавање на менталното здравје и психосоцијалните потреби; Пристап на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина кон епидемии и пандемии; Стратешки развој за семејните врски; Меѓународно хуманитарно право; Зајакнување на родовата еднаквост и еднаквите можности во раководењето и работата на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина.

**Состанок за намалување на ризици од катастрофи**

Во периодот од 15-17 ноември двајца претставници на ЦКРМ зедоа учество на состанокот за намалување на ризици од катастрофи организиран од Австриски Црвен крст и Црвен крст на Србија (15-17 ноември). На состанокот беа претставени можности за аплицирање до меѓународни фондови за оваа намена. Примарна цел на работилницата беше размена на практики и искуствата на НД од регионот како и идни планови на планот за намалување на ризици во образовните институции. Исто така беше дискутирана и рамката за добрососедска соработка согласно со потпишаниот договор од Загреб од 2017 година, од аспект на активности за подготвеност и дејствување при катастрофи и обезбедување на прекугранична поддршка.





**Отворање на ново крило на Центарот на Црвен крст во Струга**

На 22 ноември беше отворено новото крило на Центарот за обука и рекреација на црвен крст на република Македонија во Струга. По тој повод беа поканети и присуствуваа повеќе делегации на национални друштва на Црвен крст од регионот и донаторот на проектот – Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

**Посета на Црвен крст на Србија**

Во периодот од 07 до 09 декември, 2017 година четиричлена делегација на Црвен на Република Македонија оствари работна посета на Црвен крст на Србија. За време на престојот беа остварени средби со претседателот на ЦК Србија Проф. Др. Драган Радовановиќ, и генералниот секретар г.ѓа Весна Миленовиќ во централната канцеларија на националното друштво. Беа разменети искуства околу надградување на статутарната и нормативна рамка на двете национални друштва, програмите за крводарителство и предизвиците поврзани со спроведувањето на обуките по прва помош, структурната поставеност на организациите на локално ниво, изворите на финансирање и финансиското отчетување преку финансиски софтвери и можностите за воспоставување на оперативна годишна соработка помеѓу двете организации. За време на посетата беше посетена и организација на Црвениот крст на Ваљево и Црвен крст на Сомбор. Во рамки на посетата на оваа организација беше посетен центарот за мигранти покрај Сомбор.

**Работни средби со претставници на МТСП**

Одржани се две работни средби со претставници на Министерството за труд и социјална политика заради презентирање на програмата за работа за 2018 година и обезбедување на средства од буџетот за дел активности на Црвениот крст на Република Македонија согласно со одредбите од Законот за Црвен крст и Женевските Конвенции за реализација на активности на националното друштво како вршител на помошна улога на властите во државата на полето на службата за барање, подготвеност и дејствување при катастрофи и дисеминација на Меѓународно Хуманитарно Право.

**Посета на делегација на МКЦК**

Во периодот 18-20, декември, 2017 одржани се две работни средби со шефот на делегација на Меѓународниот Комитет на Црвен крст – канцеларија Белград, Јелена Стијачиќ и Гордана Миленковиќ, делегат за соработка и комуникации. Дискутирана е програмската поддршката и соработка помеѓу двете организации за 2018 година.

**Посета на претставник на Швајцарски Црвен крст**

Во периодот од 18 до 20 декември Црвен крст на РМ беше посетен од г.ца Ивона Афолтер, претставник на Швајцарски Црвен крст. За време на престојот беа остварени работни средби со претставници на службата на ЦКРМ и Црвен крст на град Скопје. Беше најавена поддршка на програмот за мигранти и проектот за поддршка на стари лица.

# ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА

Информирањето во 2017 година придонесе за воспоставување и одржување систем за комуникација и информирање со цел поблиска соработка помеѓу Црвениот крст на Република Македонија (ЦКРМ) и средствата за јавно информирање. Во склоп на информативниот систем, ЦКРМ исто така обезбедуваше пошироко информирање на јавноста со цел континуирано известување на граѓаните за нашите активности. Како метод за успешно работење користевме современи начини на информирање со што успеавме да го привлечеме вниманието на јавноста. Надворешната комуникација се остваруваше преку различни соопштенија и информации до електронските и печатените медиуми, преку организирани конференции за печат, соопштенија и друго.

### Веб страница и социјални мрежи на ЦКРМ

Надградувањето на Фејсбук страницата и редизајнирањето на интернет страницата на ЦКРМ овозможи простор за објавување поголем број разновидни информации, чија целна група се различни категории на посетители. Ваквото збогатување на веб страницата со невообичаена и интерактивна содржина придонесе за поголема атрактивност и посетеност од сите граѓански структури. Волонтерите и другите граѓани ги посетуваат страниците со цел да дојдат до информации за настани, места за донирање, па дури и начин на вклучување во организацијата и нејзините активности. Во месец декември 2017 година веб страницата на ЦКРМ беше прогласена за најдобра во категоријата на невладини организации.

### Е-весник Инфо

Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст веќе десет години претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2017 година беа подготвени 60 броеви на Е-весникот Инфо со објавени вкупно 737 текстови. Покрај препраќањето на 73024 е-маил адреси, истиот е редовно ажуриран и објавуван на нашата веб страна со што целата јавност во Република Македонија има можност поблиску да се запознае со нашите активности.

### Соработка со медиумите

Преку соопштенија за печат, конференции и јавни настапи на електронски медиуми, средствата за јавно информирање беа постојано присутни при реализација на активностите на ЦКРМ. Медиумската покриеност беше во насока на поттикнување непристрасно и објективно презентирање на активностите и проектите и градење на т.н. „коалиција" со новинарите со цел поттикнување на јавното мислење во насока на постигнување поголема транспарентност во делувањето на Црвениот крст.

### Истражување на јавното мислење

Во месец март 2017 година беше спроведено истражување на јавното мислење за Црвениот крст на РМ. Главна цел на истражувањето беше согледувањето и воочувањето на предностите кои ЦКРМ ги ужива во очите на јавноста како перцепција рефлектирана преку одговорите на прашањата поврзани со угледот, активностите и транспарентноста во работата, како и ставовите и перцепцијата на граѓаните кон хуманитарните организации и мотивираноста за учество во активности од солидарен и социјален карактер.

Овие резултати помогнаа кон креирање на нови стратегии, поголема присутност во медиумите, редовно информирање на јавноста за активностите на Црвениот крст со цел за зголемување на мотивацијата на граѓаните за волонтерство во програмите и во активностите.

### Публикации

Традиционалните недели дефинирани во законот за Црвениот крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на Националното друштво и оваа година редовно беа надополнувани со креативни и атрактивни едукативни материјали во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид изданија. Имајќи ги во себе хуманитарните пораки или насоките за дејствување се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигнувањето на угледот на Националното друштво. Со цел сите публикации да бидат поблиски до лицата за кои се наменети и оваа година ЦКРМ сите свои изданија ги објави на македонски и на албански јазик, а дел од нив беа преведени и на англиски јазик.

### Стратешки план за комуникации и односи со јавноста

Документот беше изготвен во текот на 2017 година и во него се дадени приоритети за дејствување за претстојниот период што значи донесување одлуки – не преку претпоставки или инстиктивно, туку преку солидно и информирано расудување коешто се базира врз науката за комуникација, како и нејзините различни форми.


ЦЕНТАР ЗА ДИСЕМИНАЦИЈА
И КОМУНИКАЦИЈА
QENDRA PER DISEMINIM
DHE KOMUNIKIM


SK 893-VD

# ДИСЕМИНАЦИЈА

Активностите за дисеминација беа насочени кон ширење на знаењата за Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, надградување на системот за вршење општа дисеминација, дисеминација на МХП и дисеминација на МХП за посебни целни групи.

**Одбележување на 8 мај - Светски ден на Црвен крст и Црвена полумесечина**

8 Мај – Светски ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина, се одбележа со организирање на манифестација преку која Црвениот крст на Република Македонија се приклучи во глобалната кампања на Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина под мотото „Насекаде за секого". По тој повод беше промовирана и поштенска марка, а во рамките на своето одбележување, Црвениот крст на Република Македонија, со Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, директно се вклучи во глобалната кампања на Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина која се одвиваше под мотото „Насекаде за секого".

Покрај претседателот на Црвениот крст на Република Македонија Др. Милчо Трајков, свое излагање имаше и генералниот директор и претседател на управниот одбор на „Македонска пошта" – А.Д. Скопје, г. Фаадис Реџепи, кој изрази задоволство од заедничката плодна соработка помеѓу „Македонска пошта"– А.Д. Скопје и Црвениот крст на Република Македонија.

**25 години самостојно национално друштво**

На 21 мај година се одбележаа 25 години самостојно национално друштво кога во 1992 година на Собранието на Републичкиот одбор на Црвениот крст на Република Македонија беше донесена Одлука за самостојно делување на Црвениот крст на РМ како национално друштво. Во периодот од 1992 до 2017 година, дваесет и пет години од осамостојувањето, Црвениот крст на Република Македонија континуирано и активно е вклучен во обезбедувањето помош на лицата хуманитарно згрижени, барателите на азил, внатрешно раселените лица, социјалните случаи, лицата погодени од природни катастрофи и другите ранливи категории. Програмите и проектите на Националното друштво се имплементирани со поддршка од Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Меѓународниот Комитет на Црвен крст, повеќе национални друштва и други меѓународни и домашни хуманитарни, владини и невладини организации.

**Дисеминациски сесии и работилници**

Во текот на 2017 година се реализираа седум работилници во касарните во Република Македонија каде што претставниците на Црвениот крст на Република Македонија одржаа предавања со презентација за дисеминација на Движењето, Меѓународно хуманитарно право и активности на Црвен крст на Република Македонија, дисеминација и подготвеност и дејствување при катастрофи. Целна група на слушатели беа униформирани лица со чинови и војници кои со интерес ги следеа предавањата и изразија задоволство за соработката. Во делот на дисеминацијата учесниците се запознаа со улогата и мандатот на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, МКЦК, МФЦКЦП и Црвен крст на Република Македонија, амблемот на Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право со осврт на Женевските конвенции и Дополнителните протоколи. За



потреби на библиотеките во касарните, на одговорните лица задолжени за организација, им беа поделени примероци од: Брошури за амблемот, Основни правила на МХП, Постојана хуманитарна мисија, Заштита во случај на катастрофи и Женевските конвенции и Дополнителните протоколи како и Резиме на ЖК и ДП.

За активностите на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи, беше даден посебен осврт на поставеноста и делувањето на овој систем во Црвен крст на РМ во домашни и меѓународни рамки, соработката со надлежните институции во РМ, посебно Министерството за одбрана, МВР, ЦУК, ДСЗ, Локалната самоуправа и вклученоста на претставници на ЦКРМ во координативни тела формирани за време на природни катастрофи и непогоди и активноста на тимовите на ЦКРМ. За најновите случувања со поплавите кои минатата година погодија делови од Република Македонија, мигрантската и бегалска криза потенцирана е заедничката соработка со надлежните институции и активностите што ЦКРМ ги презема во рамки на својата улога – дистрибуција на хуманитарна помош, укажување прва помош, воспоставување семејни врски и едукативни активности.



**Дисеминација за млади**

Во рамките на ПХВ програма 42 дисеминатори добија обука како да држат работилници за млади на тема дисеминација. Обуките се унифицирани и се користи ПХВ методологија што подразбира судрување на проблемот односно поделба на слики од Приказна за една идеја во која младите самите треба да ја подготваат приказната, а потоа оди делот кој е и дозирана информација во кој се гледа филмот Приказна за една идеја. Во делот на ставање на нештата во функција, младите прават една вежба, сложувалка ротирање преку која учат за амблемот, принципите, женевските конвенции како и компонентите. Во 2017 година, вкупно 1.157 младинци ја имаат добиено оваа обука.

**Национален комитет за Меѓународно хуманитарно право**

Националниот комитет за Меѓународно хуманитарно право (МХП) со седиште во Црвениот крст на РМ, чиј претседавач е претставникот од Министерството за култура за периодот 2016-2018 година, одржа 5 работни средби. Во телото беа номинирани нови членови од соодветните министерства и беше покрена постапка за донесување нова програма за работа на телото за периодот 2017-2018 година.

# ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Во текот на 2017 година беа изработени 173 мали проекти за доборбит на заедницата преку кои се помогнати 4 977 лица низ целата држава, од кои 26 беа со сонце или проекти кои имаа долгорочни ефекти за некои од целните групи. Вкупно 1 157 младинци, потенцијални волонтери ја поминаа обуката за дисеминација и обуката за изработување на мали проекти, лоцирање на целната група, проценка за потребите, имплементација и документирање на сработеното. Во периодот на акција, од февруари до април, вложени се 32.490 волонтерски часа за заедницата и собрани се 39.074 евра кои беа повторно вложени во заедницата. По обуката, во период од 2 месеци, под ментроската палка на 42 добро обучени дисеминатори од наша страна, се реализираа проектите. Се одржаа 2 финални работилници, традиционално во х. Солферино- Струга, на кои присуствуваа 110 младици, претставници на најдобрите проекти, проекти кои навистина направиле промени во заедницата и оние кои реализираа најмногу волонтерски часови за време на имплементација на проектите. Исто така 14 дисеминатори и 6 гости од различни организации има можност да бидат дел од овие финални работилници од кои 5 претставници од Црвен крст Телемарк од Норвешка. Во текот на двете дводневни финални работилници, и оваа година, младите добија продлабочени знаења за културата како систем од вредности и насоки за волонтирање во нивните локални општински организации и секако насоки за одбележување на ПХВ неделата.

Поттикнати од посветеното исполнување на стратешката цел од Старетегијата 2020 т.е. промовирање на култура на ненасилство, мир и толеранција и потребата за дополнително ангажирање на младинците после финалните работилници во Струга, како и за насочување на амбициите на овие млади, се одбележува неделата за ПРОМОЦИЈАТА НА ХУМАНИТЕ ВРЕДНОСТИ, во рамките на традиционалните календарски активности на националното друштво и тоа од 21-27 септември. Младите, секој во својот град, но под иста тема „Промоција на различности" подготвуваа „ПХВ настан" преку кој имаа можност да направат презентација на култура преку техниката пантомима, позитивни реклами за Црвен крст, расказ и фотографија на иста тема. Најдобрите раскази беа прочитани на локално ниво и истите беа пратени во Скопје каде се направи избор на кој победи младинка од Гостивар, а пак за фотографија победи фотографијата на младинецот од Велес. На локалните настани на секој младинец кој изработувал проект му беше доделана и благодарница. Поделени се вкупно 1 050 благодарници.

Манифестација ПХВ Пехар продолжи и оваа година со цел промовирање на активностите, младите и дисеминаторот. Оваа година три Општински орагнизации го делеа пехарот и тоа Карпош, Гостивар и Куманово бидејќи нивните групи имаа изработено подеднаков број на мали проекти кои беа вреднувани со сонце-проекти со долгорочни ефекти во заедницата. Централниот настан се одржа во Музеј на град Скопје каде беа врачени пехарите, но и благодарниците на секоја Општинска организација која имаше изработено проекти со сонце.

Програмата продолжува да ги поттикнува младите да ја менуваат сопствената дневна рутина и да прават промени како за себа така и за својата заедница, а при тоа да ги користат сопствените капацитети градејќи се во идни лидери и одговорни граѓани.

## *Опис на неколку мали проекти*

**ООЦК Чаир - "Малку труд до нечија среќа"**

Целта на овој проект е да се приспособи дворот на „Заводот за рехабилитација" со поставување лулашки ,огради, чистење на дворот и боење на реквизитите. Преку организирање работилници за изработка на мартинки и украсни тегли (кои потоа ги продавале), хуманитарен појадок, првоаприлска забава под маски и хуманитарен фолклорен концерт, младинците успеале да соберат вкупно 22 565 ден. со кои набавиле средства за бојадисување и поправање на реквизитите, поставување ограда и чистење на теренот и така го приспособиле дворот на корисниците на Заводот за летниот период.

**ООЦК Охрид – "Мелодија"**

Целта на овој проект е помош на самохрана мајка на која и е била потребна нова машина за перење и виолина за нејзиниот 12 годишен син, кои поради смртта на сопругот, минималните примања и заостанатите долгови, се наоѓале во неповолна ситуација.Младинците преку изработка и продажба на ПХВ боенки и хуманитарен концерт на кој имало



посетеност од над 650 луѓе успеале да соберат 42 050 денари со кои купиле машина за перење, виолина, сталак за ноти и училишен прибор и на тој начин го олесниле животот на семејството.

**ООЦК Кочани –" Со чистење влезови,до кров над глава"**

Целта била да се помогне на социјално загрозено семејство со изградба на кров на нивната куќа,бебешки производи и обид за вработување на член на семејството. Преку реализирање на 16 акции за чистење на влезови тие успеале да соберат 21 040 денари со кои се купени материјали за кровот и бебешките производи и со тоа ја обезбедиле сигурноста на семејството. Исто така започнати се чекори за вработување на членот на семејството со што ќе се подобрат условите за живеење.

# ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2017 година претставува година во која е направен значителен чекор во унапредувањето на менаџментот со волонтери во организацијата на Црвен крст на Република Македонија.

На почетокот на годината се преведени алатки за „Грижа за волонтерите – прирачник за тренери", „Грижа за волонтерите – психосоцијална поддршка" и „Правни прашања поврзани со волонтирање – алатка за национални друштва". За активна примена на публикациите во периодот 12-14 јуни одржана е обука за менаџмент со волонтери со учество на стручните соработници и ангажираните лица во општинските организации и Црвен крст на град Скопје каде се претставени позитивните практики од општинските организации и примери за организирање на волонтерска работа. Во втората половина на годината надградена е рамката за електронска евиденција на волонтерските ангажмани и направен е унифициран софтвер на онлајн платформа за работа на сите субјекти на Црвениот крст на Република Македонија

На 5-ти декември „Светскиот ден на волонтерството" од страна на Црвен крст на Република Македонија во Порта Македонија беше организирана манифестација на која беа доделени Благодарници за посебни достигнувања и тоа на лицата Благое Климкаров, Аријан Лимани, Александра Сандева, Илија Глигоров, Катерина Трајковска, Хесад Османи и Никола Чаушевски од општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, а посебни благодарници добија и Сафуат и Рама Естеф мигранти од Сирија кои волонтираат во транзитните центри во Табановце и Гевгелија.



# МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ

Изборот на нова раководна структура кај младите во Црвениот крст на Република Македонија, како и успешно спроведениот изборен циклус за мандатниот период 2017-2019 година во сите клубови на млади, овозможи зголемена координираност и побрз проток на информациите за активностите кои се спроведуваат во клубовите на млади. И во 2017 година младите волонтери на Црвениот крст на Република Македонија беа активно вклучени во одговорот на хуманитарните предизвици со кои се соочи населението во Република Македонија. Како одговор на мигрантското движење и природните катастрофи кои ја зафатија нашата земја(поплави, студени бранови, топлотни бранови) во рамките на клубовите на млади во Општинските организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје организирани се голем број едукации, собирни акции за поддршка, теренски посети за проценка на штети, дистрибуција на помош, советувања итн., во насока на ублажување на последиците и превенција од влошување на состојбите. Со својата креативност и инвентивност, тие дадоа голем придонес во целокупните активности на националното друштво за поддршка на ранливото население и масовно се вклучуја во имплементација на активностите за време на итните ситуации.

Во периодот од 24-29.07.2017 се организираше национална обука за менаџмент со младите волонтери во рамки на традиционалниот летен младински камп „100% Црвен крст". Вкупно 64 учесници од 28 Клубови на млади имаа можност да стекнат нови знаења и вештини за поефикасно и поефективно дејствување на клубовите на млади во насока на исполнување на стратешките определби на организацијата.

Активностите за одговор на потребите на ранливото население заклучно со 31,12,2017 година во 30 клуба (од вкупно 34) на млади ООЦК и ЦКГС активни се 1894 млади волонтери што претставува пораст од 162 волонтери за овие клубови на млади во однос на минатата година.

*Едукативни работилници за превенција и подигање на свест*

| Тема | Вкупен број на одржани работилници | Вкупен број на учесници |
|---|---|---|
| Превенција од ХИВ/СИДА и СПИ | 118 | 2925 |
| Превенција од трговија со луѓе | 67 | 1922 |
| Превенција од болести на зависности | 236 | 5951 |
| Прва помош | 72 | 1552 |
| Промоција на крводарителство | 18 | 573 |
| Дисеминација | 123 | 2504 |
| Превенција од туберкулоза | 7 | 175 |
| Забоздравствена заштита | 17 | 246 |
| Промоција на хигиена | 32 | 755 |
| Здрави животни навики | 4 | 98 |
| Други работилници за превенција | 189 | 4729 |



Во вкупно 888 едукативни работилници опфатени се 21 430 учесници.

Во вкупно 26 Општински организации на Црвен крст организирани се општински натпревари по прва помош каде активно учество земаа 1362 ученици од основни и средни училишта.






# ПОДДРШКА НА МИГРАНТИТЕ КОИ ТРАНЗИТИРААТ НИЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

По започнување на интензивното зголемување на бројот на мигранти кои транзитираат низ Република Македонија во 2014 година, Црвениот крст активно се вклучи во активностите за поддршка на најранливите категории на население преку обезбедување на основна хуманитарна помош и медицинска асистенција. Во изминатата година околу 500 мигранти просечно ги минуваат границите секој месец. Со оглед на неизвесното политичко опкружување во земјата, како и повлекувањето на другите хуманитарни агенции, Црвениот крст на Република Македонија сега е единствената хуманитарна организација која во моментов работи на поддршка за мигранти.

Со поддршка на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина преку „Оперативниот план за поддршка на мигрантите во Република Македонија 2017 година", Црвениот крст на Република Македонија во текот на 2017 година овозможуваше медицинска и хуманитарна помош на мигрантите и бегалците кои се во прифатните центри во Табановце и Винојуг, како и на ирегуларните мигранти во покрај граничните региони на северната и јужната граница. Најголем акцент беше даден на намалување на ранливоста на најранливите категории на население и тоа: бебиња, деца, мајки, стари лица и лица со посебни потреби. Мобилните тимови од Црвен крст овозможија медицинска и хуманитарна асистенција на ирегуларните мигранти и бегалци во липковскиот крај како и на граничниот регион на јужната граница во околината на градот Гевгелија. Преку мобилните тимови, 24 часа на ден беа покриени транзитните центри "Винојуг" и "Табановце" со екипи за прва помош и екипи за логистичка поддршка.

Во месец февруари 2017 година се формираше мобилен тим составен од 4 лица, кој по потреба дејствуваше на граничниот регион со Грција за поддршка на мигранти и бегалци со дистрибуција на храна, медицинска помош, хигиенски пакети и активности за воспоставување на семејни врски. Посебно формиран беше и мобилен тим од 18 лица кој даваше поддршка на ирегуларните мигранти во Липковскиот регион во делот на храна, медицинска помош, хигиена и услуги за воспоставување на семејни врски. Во текот на 2017 вкупно 437 лица беа привремено сместени во прифатниот центар за мигранти и бегалци во Табановце (Куманово) и 289 лица во прифатниот центар за мигранти и бегалци во Винојуг (Гевгелија). Во текот на 2017 година, бројката на згрижени ирегуларни мигранти низ селата Лојане, Ваксинце, Сопот и Табановце, од страна на Мобилниот тим Липково изнесува 3716 лица, во Гевгелија 1571 лице, во Табановце 574 лица. Во текот на 2017 година во Прифатниот Центар за странци – Гази Баба во Скопје згрижени се 389 мигранти/бегалци, асистирани и интервенирани од страна на доктор од Црвен крст со вкупно 451 прегледи.

Во текот на 2017 година од страна на канцеларијата на Високиот комесаријат на бегалци при Обединетите нации вкупно 17 000 мигранти/бегалци се регистрирани дека се влезени на територија на Република Македонија од кои вкупно асистирани од страна на мобилните тимови на Црвен крст се 7 655 мигранти/бегалци.

Најголем дел од обезбедената помош за поединци беа во пограничните региони со Србија и Грција, а само 10% беа обезбедени во центрите за прифаќање. Во 2018 година, Црвениот крст останува единствената организација за спроведување на теренските активности, а Центарот за управување со кризи ќе управува со центрите за прифаќање, откако владата официјално ја прогласи кризната состојба до јуни 2018 година. Очекувањата за 2018 година се дека трендот во однос на нерегуларната миграција ќе продолжи како претходно имајќи предвид дека рутата е официјално затворена и движењето на луѓе е спонтано или организирано од страна на нелегалните трговци со луѓе. Црвениот крст ќе продолжи со редовното патролирање за да им помогне на најранливите лица. Во 2017 година, Црвениот крст отвори детски простор во селото Лојане, во близина на српската граница, каде што околу 50 деца-мигранти ги користеа услугите на овој центар. Во ова село во локалното училиште Црвениот крст отвори клуб на Црвен крст преку кој се спроведуваат активности кај локалното население за подигање на јавната свест за трговијата со луѓе и обезбедување на помош за ранливите лица.

## *Клучни бројки*

- Асистирани лица (ирегуларна миграција) – 6 540 лица
- Дистрибуирани пакети со хигиена – 23 155
- Дистрибуирани пакети со храна / Готова храна (топли оброци) – 174 888
- Асистенции и интервенции и укажување на прва помош – 10 410
- Итни транспорти во болници - 26
- Обработени случаи за воспоставување на семејни врски - 135





# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ

Во 2017 година на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи, внимание беше насочено на проширување на опсегот на нашите активности, обезбедување на услуги за ранливото население, градење на институционална ефективност, промовирање на партнерска соработка за реализирање на заеднички цели, подобрување на адвокативноста преку активности каде што ќе бидеме видени, чуени и ќе бидеме присутни се со цел да им помогнеме на луѓето кои имаат потреба. Поголемиот број на активности беа имплементирани на локално ниво, со што се допринесе за зајакнување на капацитетите на општинските организации на Црвен крст, како и подобрување на соработката со локалната самоуправа и субјектите кои се дел од системот за управување со кризи на локално ниво.

**Младински летен камп за подигнување на јавната свест за намалување на можните ризици од катастрофи и подготовка на семејните заедници во случај на катастрофи**

Во периодот од 18-21 јуни 2017 година во Струга, Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Црвен крст на град Скопје, ООЦК Гази Баба, Охрид и Струга организираше младински летен камп за подигнување на јавната свест за намалување на можните ризици од катастрофи и подготовка на семејните заедници во случај на катастрофи преку креативни работилници, интерактивни предавања, вежби, видео проекции и едукативни квизови прилагодени за возраста на учесниците. На младинскиот камп учествуваа вкупно 60 учесници од 6 основни училишта од подрачјето на ООЦК Гази Баба од Скопје.

**Летен едукативен камп на тема: „Подготвеност и дејствување во случај на катастрофи“**

Во периодот од 24–26 август 2017 година во манастирскиот комплекс Св.Ѓеорги во с.Ораовица Радовиш, во организација на Црвен крст на Република Македонија Општинска организација Радовиш се одржа летен едукативен камп на тема: „Подготвеност и дејствување во случај на катастрофи“, каде присуствуваа учесници од ООЦК Радовиш, Струмица, Кочани, Виница, Пробиштип, Свети Николе и Куманово. Главна цел на кампот беше подигнување на капацитетите на волонтерите на Црвен и стекнување на знаења од областа на подготвеност и дејствување при катастрофи, заштита и самозаштита, прва помош и психолошка поддршка во случај на катастрофи.




**Работилница за намалување на ризици од катастрофи во Белград**

Во организација на Црвен крст на Србија и Австрискиот Црвен крст, во периодот од 15-17 ноември 2017 година во Белград се одржа работилница за намалување на ризици од катастрофи. На работилницата присуствуваа претставници од следните национални друштва на Црвен крст: Албанија, Австрија, Словенија, Македонија, Бугарија, Црна Гора Србија. Целта на работилницата беше размена на практики и искуствата на НД од регионот како и идни планови на планот за намалување на ризици во образовните институции.

**Работилница СМЕР**

Во период од 23-25 јануари 2017 година во Скопје во организација на Американската амбасада, а со подршка на Корпусот на инжињери при Американската војска се одржа работилница "Геопросторни подготовки за одговор при катастрофи". Работилницата е дел од редовните обуки што ги организира Корпусот на инжињери при Американската војска како дел од СМЕР (Civil Military Emergency Preparednes), и на неа зедоа учество претставници од ДЗС, ЦУК, МО, АРМ,МВР, МНР,МЖСПП, МТСП, Финански, Економија, Царинска Управа, УХМР и ЦКРМ.



**Работилница за студенти од Факултет за Безбедност во Скопје**

На 08 март 2017 година во посета на Црвениот крст на Република Македонија беа студенти од четвртта година на Факултетот за безбедност во Скопје. Тие беа запознаени со активностите Црвениот крст, особено во услови на кризни ситуации, земјотреси, поплави, снежни наноси, мигрантска криза и други кризни состојби во земјава и странство.

**Работилница за подготвеност и дејствување при катастрофи со општина Карпош**

На 12-09.2017 година во тренинг центарот Солферино во Струга, за потребите на Единицата на локална самоуправа Карпош, се одржа еднодневна работилница за менаџмент со катастрофи. На обуката присуствуваа 9 учесници, професионално ангажирани лица во ЕЛС Карпош, кои имаа можност да се запознаат со активностите на Црвениот крст на Р.Македонија, во услови на катастрофи и кризни ситуации, хуманитарна помош, сместување на население во случај на катастрофи и лична безбедност.

**Тренинг за спасување и дистрибуција на хуманитарна помош во зимски услови**

Во периодот 31.03 -02.04.2017 година, во хотел Арена на Попова Шапка, се одржа тренинг со 19 учесници на Црвен крст на град Скопје и од ООЦК Битола, Охрид, Велес и Крива Паланка за спасување и дистрибуција на хуманитарна помош во зимски услови. На тренингот беа разработени теми за лавини и нивно настанување, снег и снежни профили, скијање, спасување, безбедност и ризик при спасување и дистрибуција. По завршување на теоретскиот и практичниот дел, беше реализирана симулациона вежба за пребарување и спасување на лица од лавина.



**Тренинг за спасување од поплави**

Во период од 28.05.2017 – 01.06.2017 во тренинг центарот Солфериново Струга се одржа тренинг за спасување од поплави на кој учествуваа претставници на ЦКРМ, ООЦК Охрид, Струга, Велес, Битола, ЦКГС и МВР. Главна цел на тренингот беше подигнување на капацитетите на волонтерите и стручната служба на Црвен крст како и зајакнување на отпорноста и подигнување на ефикасноста во одговорот во случај на катастрофи. Тренингот се одржа во организација на Црвен крст на Република Македонија, финансиски поддржан од Австриски Црвен крст и Австриска развојна агенција, а предавачи беа инструктори од Црвен крст на Република Македонија и Црвен крст на Бугарија.

**Тренинг за вода, санитација и промоција на хигиена поддржан од Австриски Црвен крст**

Во периодот од 12.05 до 19.05, 2017 година Црвен крст на Република Македонија во соработка со Австриски Црвен крст - Штаер организираа обука за вода и санитација и промоција на хигиена во Стар Дојран. Главна цел на тренингот беше подигнување на капацитетите на волонтерите и стручната служба на Црвен крст како и зајакнување на отпорноста и подигнување на ефикасноста во одговорот во случај на катастрофи со посебен акцент на промоцијата на хигиена во случај на катастрофи и оспособување на кадри за прочистување на вода и работа со прочистителна станица. На обуката учествуваат 26 учесници и тренери на Црвен крст на РМ и 7 учесници и тренери на Австриски Црвен крст.

**Тренинг за подготвеност и дејствување при катастрофи со ООЦК Гостивар и Битола**

Во рамките на имплементација на проектот "Намалување на ризици од катастрофи во микрорегионите Битола и Гостивар", во периодите од 23-24.12.2017 во Струга и од 14-16.12.2017 во Битола се одржаа тренинзи за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи наменет за волонтери на ООЦК Гостивар и Битола. За време на тренинзите беа опфатени содржини како што се интерактивни вежби, предавања, размена на искуства, брза теренска проценка, психосоцијална поддршка и СФЕРА стандарди .

**Регионален тренинг за подготвеност и одговор при катастрофи "Трново 2017" – Крива Паланка**

Во периодот од 07-10 август 2017 година во„Старо Школо" с. Трново, Крива Паланка, во организација на Црвен крст на Република Македонија и ООЦК Крива Паланка се одржа тренинг за меѓугранична соработка на полето на катастрофите помеѓу Црвените крстови на Македонија, Бугарија и Србија. На тренингот присуствуваа учесници од Црвен крст Ниш, Црвен крст Ќустендил , Црвен крст Крива Паланка, Црвен крст Чаир и Црвен крст Кочани. Главна цел на тренингот беше подигнување на капацитетите на волонтерите на Црвен крст како и зајакнување на отпорноста, подигнување на ефикасноста во одговорот во случај на катастрофи на регионално ниво и размена на искуства на полето на одговор при катастрофи.



**„Рано опоравување и отпорност“ – поддршка на населението зафатено во поплавите во Скопскиот регион во 2016 година**

Во 2017 година се имплементираше финалната фаза од проектот „Рано опоравување и отпорност“, финансиски поддржан од страна на Австрискиот Црвен крст и Австриската развојна агенција, а наменет за поддршка на населението опфатено во поплавите кои се случија во Скопје во август 2016 година. Со готовински трансфери директна финансиска поддршка добија 320 најранливи семејства во висина од 1000 евра. Семејствата беа селектирани во соработка со локалната самоуправа и министерството за труд и социјална политика, а ги исполнуваа и пропишаните критериуми.На 600 ученици од основни училишта од поплавениот регион им беа обезбедени училишни прибори и беа организирани активности за психосоцијална поддршка на 1384 ученици во текот на годината. За основните училишта „Крсте Мисирков“, „Кирил и Методиј“, „Наум Охридски“ (подружници во Булачани и Црешево), „25 мај“ и „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“ беа организирани 8 едукации за 179 вработени лица за заштита и самозаштита во случај на катастрофи, симулациски вежби со учество на 4652 ученици и 309 наставници, а во самите училишта инсталирана е панична сигнализација, поставени се кутии за прва помош, против пожарни апарати, црева за гасење пожар и изработени се евакуациски планови. Со учениците спроведено е истражување за постојните знаења, ставови и практики за поседување на семејни планови за дејствување во случај на катастрофи во нивните домови, одржани се повеќе работилници и дистрибуирани се едукативни материјали.



**Психолошка прва помош и психосоцијална поддршка во итни ситуации (PFA-CE)**

Поддржани од Европска Унија националните друштва на Црвен крст од Австрија, Србија, Хрватска, Македонија, Словенија и Италија, како и универзитетот од Инзбрук (Австрија), во рамките на PFA-CE проектот во периодот април 2017- април 2019 година ќе спроведат поголем број на заеднички средби и активности со цел истражување на постоечки алатки и препораки за психолошка прва помош, активирање и учество на заедниците и поддршка на волонтери и вработени вклучувајќи и насоки за координација и поддршка на конвергентни и спонтани волонтери. По спроведеното истражување ќе се креира пакет за обука на обучувачи преку структурирана размена на искуства и собирање на најдобри практики во областите зафатени со поплави, земјотреси или мигрантска криза. Целите на пакетот за обука кој што ќе се тестира во рамките на проектот, е да овозможи обучувачи во рамките на организациите кои се справуваат со катастрофите и соодветно применливи алатки кои би се користеле во рамките на обуки за волонтери или вработени за ситуации од итен карактер. Во 2017 година одржани се работилници во Виена (3-4 април 2017 година), Рим (14-15 септември 2017 година) и Загреб (01 декември 2017 година). Универзитетот на Инзбрук го спроведе истражувањето во регионот во периодот јуни-октомври 2017 година по што национални експерти по психологија од сите 6 земји имаа работилница за анализа на истражувањето во Загреб на 29 и 30 ноември 2017 година. Во претстојниот период со поддршка на институциите од земјите во регионот ќе се подготви пакет за обуки и ќе бидат организирани тренинзи за зајакнување на капацитетите на националните друштва.

**Проект за намалување на ризици од катастрофи во основни училишта и градинки на територија на општините Куманово и Гевгелија и општини на територија на град Скопје поддржан од УНИЦЕФ**

Црвениот крст на Република Македонија, во рамките на Програмот за подготвеност и дејствување при катастрофи, со поддршка на УНИЦЕФ Македонија, во периодот од 16.11.2017 до 15.11.2018 година, ќе реализира проект "Активности за намалување на ризици од катастрофи во основни училишта и градинки во Гевгелија, Куманово и Скопје" со кој ќе се опфатат вкупно 11 образовни институции.

**Одговор при катастрофи - Студен бран 2017**

Студениот бран што ја зафати Република Македонија, согласно Здравствениот акционен план за превенција на последиците од студените бранови врз здравјето на луѓето, Црвениот крст на Република Македонија со цел за заштита на здравјето на луѓето, преку социјалните мрежи и веб страната го информираше населението. Во интернатите за деца и младинци „ Ранка Милановиќ" и „25 Мај" беа згрижени 97 лица. Исто така од страна на волонтерите на Црвениот крст на Р.М. беа згрижени 73 лица.

Пунктот за бездомници на Црвен крст на град Скопје лоциран во Момин Поток за време на студениот бран стана прифатилиште кое работеше 24 часа и за згрижените бездомници им нудеше услуги за бањање, топла облека, храна, медикаменти, преглед од лекар и поддршка од социјален работник.

Во месец февруари Црвениот крст на Република Македонија во рамките на ДРЕФ (итниот фонд за справување со катастрофи при МФЦК/ЦП) дистрибуираше хуманитарна помош до погодените семејства. Хуманитарната помош од ДРЕФ Операцијата и останати донатори се состоеше од семејни пакети со храна, семејни пакети со хигиена, ќебиња, јакни и сетови со капи, ракавици и шалови. Дистрибуцијата ја спроведоа тимови на Црвениот крст на Република Македонија и Општинските организации во погодените места во соработка со институциите кои се дел од системот за управување со кризи. Хуманитарната помош за 555 семејства се дистрибуираше во следните градови и нивната околина: Крива Паланка (159 семејства),Скопје (55), Македонски Брод (39), Дебар (32), Струга (36), Битола (39), Охрид (19), Гостивар (60), Кичево (50), Куманово (40), Свети Николе (15) и Штип (11).

**Хуманитарна помош за настрадано население во поплавите во Р. Албанија**

Црвениот крст на Република Македонија на 12 декември 2017 година донесе одлука за донација на хуманитарна помош за настраданото население од поплавите во месец ноември 2017 година што ја погодија Република Албанија. За таа цел, беа испратени три пратки со хуманитарна помош, и тоа : Црвениот крст на Република Македонија испрати хуманитарна помош во висина од 500.000 денари во материјални средства ( 300 семејни пакети со храна, 300 семејни хигиенски пакети, 1.000 ќебиња, 108 вреќи за спиење, конзервирана риба 6000 парчиња и 60 душеци).

Градот Скопје како град на солидарност и како збратимен град со Тирана за настраданите испрати хуманитарна помош во висина од 1.110.000 денари во материјални средства (300 семејни пакети со храна, 300 семејни хигиенски пакети, 200 бебешки пакети и 1.500 кгр. брашно).

Дирекција за заштита и спасување од своите стокови резерви испрати хуманитарна помош (1.000 ќебиња, 500 вреќи за спиење, 1.000 шаторски крила и 100 пара чизми).



# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ

Феноменот на миграциите, кој во изминатиот едногодишен период во голема мера претставуваат центар на вниманието, но и проблем со кој се соочуваат државите во Европа и  Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина кои делуваат на нивните територии, ја наметнува потребата од заеднички одговор на хуманитарниот предизвик кој ни претстои на овој план.

Црвениот крст на Република Македонија, покрај многубројните активности кои ги реализира за помош на мигрантите кои транзитираат низ нашата држава, особено внимание посветува и на активностите за повторно воспоставување на прекинати семејни врски како резултат на актуелната состојба. Благодарение на соработката со Регионалната Канцеларија на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во Белград, веќе е воспоставен систем за Воспоставување на семејни врски во Службата за барање на Црвениот крст на РМ и на овој план веќе може да се говори за конкретни резултати, но и за понатамошни планирања.

Продолжени беа активностите на Службата за барање на Црвениот крст на РМ, насочени кон решавање на случаи за воспоставување на семејни врски поврзани со мигрантите кои престојуваат во Република Македонија. За таа цел беше овозможено продолжување на логистичката поддршка на тимовите на Службата за барање во Транзитни центри и во Липковскиот регион. Тимовите составени од по еден обучен волонтер при реализацијата на активностите беа во директна координација на Службата за барање на Црвениот крст на РМ и Регионалната канцеларија на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во Белград, од каде беше обезбедена финансиската поддршка на споменатите активности. Како резултат на постојана присутност на терен, во текот на 2017 година беа регистрирани 366 влезни барања за исчезнати лица од други национални друштва, додека 163 барања кои спаѓаат во доментот на воспоставување на семејни врски беа иницирани од страна на службата на националното друштво.

Месечните извештаи и статистики навремено беа испраќани до Регионалниот информативен Центар за воспоставување на семејни врски во Белград;

Формирање на тим за воспоставување на семејни врски, во рамките на Единицата за одговор при катастрофи на Црвениот крст на РМ и организирање на обука за истиот, во рамките на планот за обуки во случај на катастрофи на националното друштво, со цел присуство на Службата за барање како составен дел на оваа програмска активност на Црвениот крст на РМ;

Со цел подобрување на одговорот на предизвиците на мрежата за Воспоставување на семејни врски и ефикасната интеграција со активностите за информирање и комуникација во врска со мигрантската криза која во изминатиот период го зафати регинот, Регионалната канцеларија на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во Белград на 15 и 16 ноември организираше состанок на координаторите и теренските работници за Воспоставување на семејни врски и лицата одговорни за информирање и комуникации во националните друштва од Црвениот крст на Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Албанија, Романија и Унгарија.

Со темите кои се обработуваа на состанокот се направи спој на сработеното досега на планот на Воспоставување на семејни врски и плановите за понатамошно делување, а особено внимание се посвети на структурата на одделите за информирање и комуникации во националните друштва присутни на состанокот и начинот на соработка на овие два оддела за време на мигрантската криза. Од состанокот произлезе заеднички заклучок дека оваа соработка и тоа како придонесе за промоција на активностите за воспоставување на семејни врски во сите национални друштва кои ги третираа проблемите на мигрантите и ја истакна оваа активност како приоритет во работата на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина.



# СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

Преку организирање на различни облици на помош и поддршка во партнерска соработка со владини институции, здруженија на граѓани и корпоративниот сектор, како и поттикнување на солидарност помеѓу граѓаните, Црвениот крст на Република Македонија во 2017 година даде придонес во подобрување на квалитетот на животот на ранливото население во заедниците.

**Грижа и поддршка на старите лица**

Црвениот крст на РМ во периодот јануари-февруари 2017 година продолжи со имплементација на Проектот грижа за стари лица во домашни услови со поддршка на Австрискиот Црвен крст и Фондацијата Албиз. Проектните активности се спроведуваа преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Крива Паланка. Ангажирани беа вкупно 61 волонтер на Црвениот крст и 9 медицински сестри кои континуирано испорачуваа социјални и здравствени услуги на вкупно 270 стари лица во домашни услови. Од месец март 2017 година до крајот на годината продолжија проектните активности само во Скопје со кои беа ангажирани вкупно 12 волонтери на Црвениот крст на град Скопје и 6 медицински сестри кои континуирано испорачуваа услуги на вкупно 178 стари лица во домашни услови.

Преку Црвениот крст на град Скопје континуирано продолжија да се имплементираат програмските активности за старите лица во дневните центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови со простории во ДХО„Даре Џамбаз" и во Општинската организација на Црвен крст Чаир, како и во просториите на ОУ во Општина Сарај. Исто така активностите кои се организираа преку Дневниот центар во Гази Баба континуирано се имплементираа и во текот на годината.

Преку клубовите на стари лица, кои функционираат преку општинските организации на Црвен крст Крива Паланка, Неготино и Прилеп, и во текот на годината продолжија да се имплементираат соодветни активности со старите лица.

На 31 мај Црвениот крст на РМ во соработка со Општинската организација на Црвен крст Крива Паланка одржа информативна работилница за менаџирање на катастрофи со фокус на старите лица. Работилницата беше поддржана од страна на претставник на Австрискиот Црвен крст кои имаат долгогодишно искуство во спроведување на програми за грижа и поддршка на стари лица.



**Подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

Црвениот крст на Република Македонија во партнерство со Занаетчиска комора на Скопје во период од месец декември 2015 година до август 2017 година со финансиска поддршка на Европска Унија, го имплементираше проект„Преземи акција за подобра конкурентност на пазарот на труд". Целта на овој проект беше да се унапредат условите и можностите за вработување на лица во социјален ризик долгорочно невработени од општините Гази Баба, Кисела Вода и Ѓорче Петров, кој се реализира преку Црвениот крст на град Скопје.

Од страна на техничката поддршка во проектот за менаџирање и мониторинг на грантовата шема „Поттикнување на социјалната инклузија", во текот на годината се организираа работилници кои беа наменети за обука на претставници на граѓански организации кои имплементираат проекти финансирани од Европската Унија, во рамките на оваа грантова шема.

Во текот на годината спроведени беа обуки за унапредување на социјални вештини за личен раст и развој на 38 корисници на проектот. Исто така беа одржани и работилници за психолошка поддршка на корисниците од страна на гешталт психо - терапевт.

Од страна на проектниот тим од 4 социјални работници и еден психолог во текот на годината беа обезбедени

и психо – социјални услуги на членовите на семејствата на вклучените корисници од трите општини во Скопје.

На 20 март 2017 година во соработка со Центарот за вработување на град Скопје и Занаетчиската комора на град Скопје беше одржана работилница со корисниците на проектот за нивно запознавање со активните мерки на Владата за можноста за нивно вработување.

Од 9 до 11 мај 2017 година беа организирани три тркалезни маси на тема: „Можности и предизвици за вработување на социјално ранливи лица", на кои присуствуваа претставници на владини институции и невладин сектор, како и претставници на општините Горче Петров, Гази Баба и Карпош. На 11 мај тркалезната маса ја отворија Министерот за труд и социјална политика, Генералниот секретар на Црвениот крст на РМ и претседателот на Занаетчиската комора на град Скопје. Од тркалезните маси донесени се препораки за постапување во насока на подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на лица во социјален ризик долгорочно невработени.

Со проектните активности беа организирани обуки за занаети за 38 корисници на проектот кои траеја од 3 до 6 месеци во зависност од програмата за обука на занаетите. Успешно завршените обуки за занаети беа заокружени со свечено доделување на сертификати во Музејот на град Скопје на 29 јуни 2017 година. На завршниот настан беа презентирани постигнатите проектни резултати кои присутните можеа да ги проследат преку вкусување на храна подготвена од готвачите и пекарите, средба со разубавени лица од страна на фризерите и шминкерите, разгледување на изложени производи изработени од филигранистите, лицата кои завршија занаети за кроење, везење и плетење, како и преку изложени фотографии од изработки од лицата кои завршија занаети за козметичари, бравари, клучари, фотографирање, и сето тоа изложено во прекрасно уредениот простор од страна на лицата обучени за декорирање на настани.

**Подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби**

Црвениот крст на Република Македонија во рамките на проектот: „Подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби" поддржан од страна на Комерцијална банка АД Скопје, во соработка со Заводот за социјални дејности, во текот на годината преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Прилеп, Кавадарци, Гостивар, Велес, Делчево, Дебар и Кичево беа организирани активности во соработка со дневните центри за деца со посебни потреби и центрите за социјална работа, како и претставници на филијалите на Комерцијална банка. Во период од 10 до 12 март 2017 година, организирана беше едукативна работилница со цел да се едуцираат нови волонтери на Црвениот крст за да добијат одредени знаења и вештини за пристапот и поддршката на децата и младите со посебни потреби.

Според подготвените планови за акција, беа имплементирани следните активности: посета на децата во домовите на згрижувачките семејства во Скопје, Прилеп и Велес од страна на мобилни тимови составени од волонтери на Црвениот крст за обезбедување поддршка на децата, во дневните центри со вклученост на волонтери на Црвениот крст организирани се креативни работилници, едукативни, рекреативни активности, како и многу други активности за подобрување на социјализацијата на децата. На 14 декември се одржа „Хуманитарен базар" – кој всушност претставуваше завршен настан на кој беа изложени 80 слики изработени од страна на децата со посебни потреби од дневните центри со поддршка на волонтерите на Црвениот крст и ликовни уметници. Во рамки на проектот беше изработена заедничка брошура од проектните активности кои се имплементираат преку овие 8 ООЦК и ЦК на град Скопје.



Започнувајќи од месец јуни до декември 2017 година, поддршка на оваа програма е обезбедена и од страна на МАКПРОГРЕС од Виница кој беше партнер на Црвениот крст на РМ за поддршка на имплементација на проектни активности наменети за поддршка на децата и младите со посебни потреби. Во рамките на проектот, на 8 јуни 2017 година во Црвениот крст на РМ се реализираше информативна работилница со цел определување на насоки за заедничка имплементација на активностите, а на 16 јуни 2017 година во Виница, се одржа едукативна работилница за волонтерите на Црвениот крст кои ги реализираа активностите заедно со децата во дневните центри во Виница, Штип, Струмица и Куманово. Од 10 до 14 јули во Центарот „Солферино" во Струга бесплатно

летуваа деца од дневните центри од Виница, Штип и Куманово каде имаа можност, покрај одморот, да им бидат и креативно исполнети деновите со вклученост на волонтери на Црвениот крст и вработени од дневните центри. Во рамките на проектот, во текот на месец август беше организирана екскурзија во Дојран за децата од Дневниот центар Струмица заедно со родителите, вработените од центарот и волонтери на црвениот крст на Струмица. На 15 декември беше одржана работилница за евалуација на проектните активности со цел да се утврдат постигнатите резултати, ефектите од имплементираните активности, како и да се дадат насоки за идно дејствување на локално ниво.

**Регионална соработка за социјална инклузија на старите лица**



Од месец февруари 2016 година започна со имплементација регионалниот проект „Преземање на активности за социјална вклученост на старите лица", финансиран од Европската Унија, кој ќе се имплементира во период од три години преку Црвениот крст на Србија како проект координатор во партнерство со Црвениот крст на Австрија, Црвениот крст на Македонија, граѓанското здружение „Хуманост" од Македонија, Црвениот крст на Црна Гора и граѓански здруженија од Албанија и Босна и Херцеговина. Целта на проектот е да се формираат регионални мрежи на граѓански здруженија и организации на Црвен крст во пет земји од Западен Балкан, кои ќе имплементираат активности со цел да се зголеми јавната свест и последователни влијанија во процесите на донесување на одлуки за социјална инклузија на старите лица. На националниот состанок на мрежата на граѓански организации за социјална инклузија на старите лица, на кој беше потпишана одлука за официјално функционирање на неформалната мрежа ИнклузиваМ, беше подготвен и стратешки план за работа на мрежата за период од три години, врз основа на подготвената анализа на ситуација во Македонија која опфати информации за релевантни заинтересирани страни, недостатоци во политиките, услуги и потреби на старите лица, како и капацитетите на граѓанскиот сектор за спроведување на активности за застапување за иницијативи за социјална вклученост на старите лица.

За потребите на мрежата беше организирана работилница за застапување со цел јакнење на капацитетите на мрежата и утврдување на приоритетни области во однос на третирање на прашањето за стареењето.

Од месец февруари 2017 година, завршно со месец мај 2017 година беше спроведено истражување за потреба од отворање на сервиси за социјални и здравствени услуги на старите лица, со цел да се обезбедат докази за да може да се влијае во носењето одлуки во владините институции за потребата и развој на ваквиот вид на сервиси.

Од 18 до 21 јуни 2017 година се реализираше регионална работилница во Сараево за подготовка на ЕУ проекти, како и координативен состанок со проектни тимови од регионот за определување на насоки за имплементација на проектни активности.

На 16 октомври се одржа фокус група со претставници на владини институции, локална самоуправа, медиуми во рамки на спроведување на среднорочната евалуација, со цел да се види напредокот на имплементација на проектните активности.

Во рамки на повикот за поддршка на мали проекти на граѓански здруженија кои имплементираат програми со фокус на стари лица, Црвениот крст на РМ и Хуманост спроведоа евалуација според која 12 проекти се поддржани за имплементација на активности во наредниот 10 месечен период, започнувајќи од ноември 2017 година.

На 21 ноември беше организирана Панел дискусија на тема: „Потреба од социјални и здравствени сервиси за старите лица" на која беа презентирани резултатите од направеното истражување, заключоците и препораките кои произлегуваат од изработената анализа. Во рамки на проектот во месец декември беше спроведена посета на Црвениот крст на Србија со цел да се разменат искуства на активностите за социјална инклузија на старите лица во насока на развој на активностите наменети за старите лица.

**Форум на невладини организации во рамки на Министерската конференција за стареење на UNECE**

На 21 и 22 септември во Лисабон, Португалија се одржа Министерската конференција за стареење во организација на Економската комисија на Обединетите нации за Европа (UNECE). Темата на конференцијата беше: „Одржливо општество за сите возрасти: Реализација на потенцијалите за подолго живеење“. Во рамките на конференцијата се одржа форум на невладини организации кои работат на програми за стареење, на кој беа подготвени предлог препораки по трите теми на конференцијата по кои се водеа експертски панел дискусии: препознавање на потенцијалите на старите лица; поттикнување на подолг работен век и способност за работа и обезбедување на достоинствено стареење. На форумот учествуваа претставници од Црвениот крст на Република Македонија и Граѓанското здружение Хуманост, заедно со претставници на Црвениот крст на Србија и асоцијацијата „Осмијех“ од Босна и Херцеговина. Целта на учеството на невладините организации на НВО форумот беше да се земе учество во ревидирањето на Мадридскиот меѓународен план за акција (MIPA) и имплементација на Регионалната стратегија на UNECE, односно да се дадат предлог препораки на земјите членки за зајакнување на потенцијалот на MIPA како инструмент за заштита на правата на старите лица.

**Креирање на можности за нови вработувања на жената**

Црвениот крст на РМ во партнерство со организацијата „Хуманост“- Скопје, и Австрискиот Црвен крст, започна со имплементација на Проектот „Креирање на можности за нови вработувања на жената“ финансиран од Европската Унија (EuropeAid/136315/ID/ACT/MK). Целта на проектот беше да се даде придонес за интеграција на маргинализираните групи на пазарот на труд. На 21 февруари 2017 година Црвениот крст на РМ одржа иницијален состанок со цел да се претставaт целите на проектот. Во месец април во соработка со Центарот за вработување беа одржани информативни работилници за селекција на 40 жени долгорочно невработени над 40 години, кои беа вклучени во обуките за негувателки за стари и немоќни лица. Подготвена беше програма за теоретска и практична обука за негувателки за стари и немоќни лица во домашни услови, и истата е верификувана, согласно правилниците на Министерство за образование и наука на РМ и Центарот за образование на возрасни. Истовремено,Црвениот крст на Република Македонија беше верификувана како организација за организирање на обуки за негователки за стари и немоќни лица.

Во периодот август - октомври 2017 година во Едукативниот тренинг центар на Црвениот крст на РМ беше спроведена обуката за негувателки за стари и немоќни лица од страна на стручни лица. Во месец ноември обучените негователки спроведоа испорака на пилот услуги за вкупно 76 стари лица во нивните домови. Со цел да се направи оцена на квалитетот на испорачаните пилот услуги на старите лица, беше спроведено истражување. На 18 декември одржана е работилница на која беа претставени резултатите од истражувањето и беа дадени препораки на обучените негователи за подобрување на квалитетот на услугите.



**Заеднички развој на заедницата**

Проектот „Заеднички развој на заедницата“ - ЗРЗ, претставува метод на работа кој придонесува подобро да се разбере ранливоста, помага да се идентификуваат локалните капацитети, како и можност да се изгради партнерство со ранливите лица, владините институции, локалните власти, невладините организации, бизнис заедницата, со цел да се подобри животот на ранливото население. Преку примена на ЗРЗ им се дава можност на ранливото население да одлучат како да си ги решат своите проблеми во заедницата.

Со поддршка на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина ЗРЗ проектот во изминатата година се имплементираше преку две општински организации на Црвен крст Неготино и Центар.

Во рамките на ЗРЗ циклусот во текот на месец август се одржаа две работилници за обука за заедничка брза проценка за двата тима од општинските организации на Црвен крст Неготино и Центар. Согласно насоките формираните тимови се составени од претставници на општинските организации на Црвениот крст, владини институции, локалната самоуправа, граѓански сектор и претставници од ранливите заедници. Целта на работилниците беше членовите на ЗРЗ тимовите да

добијат соодветни знаења и вештини за спроведување на заедничка брза проценка на потребите на ранливото население во заедницата. На работилниците беа понудени сет на техники и инструменти кои претставуваат алатки за собирање и анализирање на податоци при спроведување на заедничката брза проценка на потреби на населението во ранливата заедница.

Во периодот септември - ноември 2017 година беше спроведена теренската работа во двете ранливи заедници со цел да се направи заедничка брза проценка. Врз основа на истата ќе се организираат работилници во голема група со населението од заедниците со цел да се утврдат приоритетни прашања за задоволување на потребите во заедниците.

**„Вашиот прилог - значајна помош“**

Црвениот крст на Република Македонија под мотото: „Вашиот прилог - значајна помош„ од 17 до 23 април 2017 година со пригодни активности ја одбележа традиционалната „Недела на солидарност“. Во рамките на Неделата, Црвениот крст организираше Собирна акција со цел да се побуди чувство на хуманост, взаемност и солидарност кај граѓаните, посебно кај младата генерација за меѓусебната помош и поддршка, како и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население. Во рамките на оваа недела се организираше и акцијата „Од куќа до куќа“ во која волонтери на општинските организации на Црвен крст направија посети на граѓаните во нивните домови кои донираа средства според нивната желба и можност. Во хуманитарните акции беа обезбедени вкупно 6.500 кг. храна, 11.910 кг. облека, 900 пара обувки, како и парични средства во висина од 366.526 денари кои беа наменети за обезбедување помош во храна. Во акцијата беа ангажирани вкупно 650 волонтери на Црвениот крст. Обезбедената хуманитарна помош беше дистрибуирана на вкупно 1.020 лица во социјален ризик.

**Меѓународен ден на старите лица**

Црвениот крст на Република Македонија преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации го одбележа 01-ви октомври – Меѓународен ден на старите лица по кој повод беа реализирани активности за активно стареење, како и активности за помош и поддршка на старите лица. Црвениот крст на град Скопје организираше прес конференција на тема „Чекор напред во модернизација и стандардизација на услугите за старите лица“. Се одржа Чи Конг семинар и ликовна колонија за активни стари лица, заедничка средба на службите за социјална заштита на збратимените градови Скопје и Нинберг, размена на искуства – домашни посети на стари лица, средба на тимови на Скопје, Нирнберг и Австриски Црвен крст за унапредување на сервисите за стари лица, како и посета на 180 стари и изнемоштени лица во нивните домови од страна на волонтери и медицински сестри, проект кој се имплементира седум години во континуитет. Од страна на општинските организации на Црвениот крст Кисела Вода, Велес, Крива Паланка, Прилеп, Гостивар, Струга, Дебар, Битола, Кавадарци, Охрид и Ресен беа организирани едукативни работилници на теми од интерес за старите лица, трибини, информативни работилници за правата на старите лица, спортски и рекреативни активности, како и обука за прва помош наменета за старите лица во соработка со здруженијата на пензионерите.

**Светски ден за борба против сиромаштијата**

Црвен крст на Република Македонија по повод 17 октомври – Светски ден за борба против сиромаштијата и гладта, организираше кампања под мотото „Помислете и на нас“, која се спроведе преку општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје. Целта на кампањата беше покренување на општото мислење на јавноста за проблемите на сиромаштијата, како и изнаоѓање фондови за обезбедување помош во храна за ранливо население. Во рамките на кампањата, во периодот од 17 до 23 октомври беа организирани хуманитарни акции за обезбедување донации во парични средства и храна во соработка со образовно - воспитни институции, стопански комори во Македонија, компании и граѓани. Во хуманитарните акции беа собрани средства во висина од 640.000 денари и 14.910 кгр. храна која е дистрибуирана кај 1.750 лица во социјален ризик. Во кампањата беа вклучени вкупно 639 волонтери на Црвениот крст.



**Европски ден и недела за борба против трговија со луѓе**

Црвениот крст на Република Македонија како член на Секретаријатот на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со организирање на превентивни активности се вклучи во одбележување на 18 октомври - Европски ден на борба против трговија со луѓе. По повод 18 октомври, беа организирани работилници за врсничка едукација на млади во основни и средни училишта, преку општинските организации на Црвен крст Кисела Вода, Карпош, Кочани, Демир Хисар, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Неготино, Охрид, Радовиш, Ресен, Струга, Велес, Берово, Дебар, Делчево, Македонски Брод и Свети Николе. Беа одржани 20 едукативни работилници и опфатени се околу 500 ученици од основни и средни училишта. Црвениот крст на РМ од 2 до 9 декември се вклучи во одбележување на Неделата на борба против трговија со луѓе со организирање на превентивни активности на кои беа опфатени 620 ученици на 25 работилници за врсничка едукација на млади во основни и средни училишта, како и со волонтери во Клубовите на млади на Црвениот крст.

**Недела на грижа на старите лица**

Црвениот крст на Република Македонија од 20 до 26 ноември 2017 година ја одбележа „Неделата на грижа на старите лица“ под мотото: „Сите сме нивни деца“. Целта за одбележување на неделата беше да се подигне јавната свест за потребата од зголемена интеграција на старите лица во сите сфери на општествениот живот, како и потреба за обезбедување на грижа и помош на старите лица. Во рамките на Регионалниот Проект „Преземање на акција за социјална инклузија на старите лица“, беше обезбедена поддршка за одбележување на неделата, за што беа подготвени промотивни материјали, флаери со пригодна содржина за информирање на старите лица за нивните права од социјална и здравствена заштита. Црвениот крст на РМ во соработка со здружението Хуманост на 21 ноември 2017 година организираше прес конференција со цел промовирање на активностите, како и да се споделат резултатите од спроведеното истражување за потреба од отворање на сервиси за социјални и здравствени услуги на старите лица. Беа организирани активности за бесплатно мерење на ниво на шеќер во крвта и крвен притисок на стари лица, работилници со претставници на владини институции, граѓански и приватен сектор за поттикнување на активности за активно стареење, посети на стари, осамени и изнемоштени лица во нивни домови, особено во рурални средини, едукативни работилници на теми од интерес за старите лица, креативни работилници, спортско-рекреативни активности и тематски работилници за поттикнување на социјална инклузија на старите лица.




**Одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток**

Министерството за труд и социјална политика во текот на зимскиот период од годината организираше бесплатен одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други права во одморалиштето „Бегова Корија„ во Крушево. Црвениот крст на Република Македонија беше вклучен во оваа проектна активност со ангажирање на волонтери на Црвениот крст во улога на воспитувачи со цел анимирање на децата за време на нивниот престој. Министерството за труд и социјална политика овој проект го имплементираше и во текот на летниот период. Ангажираните волонтери - воспитувачи/стручни соработници и спасители на вода на општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје, и во текот на месец јули и август реализираа активности со децата во детското одморалиште „Мајски цвет” – Струга.

**Хуманитарна акција „Да споделиме радост“**

Црвениот крст на Република Македонија по седми пат во соработка и поддршка на ЕВН Македонија по повод новогодишните празници организираа заедничка хуманитарна акција „Да споделиме радост“. Целта на оваа акција беше да се подари насмевка и радост на децата на социјално загрозени семејства и децата со посебни потреби, како и да се споделат среќните моменти за новогодишните празници. За оваа акција обезбедени беа вкупно 510 новогодишни подароци донација на ЕВН Македонија. На 26 декември 2017 година, Црвениот крст на град Скопје организираше настан во Кино Милениум, на кој официјално беа доделени подароците на децата.

# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Намалување на штети од употреба на дрога**

Намалување на штетите од употреба на дрога е проект наменет за лицата – корисници на дрога и се одвива на територијата на три општински организации на ЦК Кичево, Велес и Прилеп. Центрите отворени во Општинските организации имаат за цел да нудат медицински, социјални и правни услуги на корисниците како и да ги снабдуваат истите со кондоми и стерилен прибор за инјектирање. Корисниците на дроги имаат можност да добијат стерилна опрема за инјектирање како и советување околу можните штети предизвикани од употреба на нестерилен прибор како што се ХИВ/СИДА и хепатитисот Б и Ц. Беа опфатени 651 лице од целната популација. Со цел да се даде придонес во ресоцијализација на клиентите беа реализирани креативни работилници со различна тематика во зависност од нивните потреби и желби како на пример изработка на накит, изработка на слики со различна тематика, предмети од различен материјал итн.

**Спроведување на едукации за туберкулоза за различни целни групи**

Со цел подигнување на јавната свест и информирање на населението за туберкулозата како заразна болест и начините за превенирање на истата, Црвениот крст на Р.Македонија реализираше повеќе едукации за различни целни групи во неколку општински организации на Црвен крст и тоа во Прилеп, Крива Паланка, Кичево, Кочани и преку работилниците беа опфатени 939 лица од ризични групи на население кои живеат во лоши социо-економски услови. На овие лица исто така им беа поделени хартиени и влажни марамчиња, шумливи мултивитамински таблети, пасти и четки за заби.

**Реализација на работилници за адвокативност за подршка на програмите и активностите за превенција на ТБ**

Во месец март 2017 година беа реализирани три работилници за адвокативност и лобирање за подршка и продолжување на активностите за превенција од туберкулоза и ХИВ/СИДА во рамки на проектот „ДОТС Интервенции во Република Македонија", поддржан од Глобал фонд, и Министерството за здравство на Република Македонија. Целта на овие работилници беше да се добијат конкретни предлози и активности за превенција на туберкулозата од претставници од Центрите за социјална работа, претставници на СВР Велес, Прилеп и Кичево, претставници на општинските организации на Црвен крст, локалните здравствени институции и локални медиуми.




**Изработка на Национален план за здраво стареење 2017-2025**

Црвениот крст на РМ беше дел од мултисекторската група која вклучуваше претставници од различни здравствени, владини и невладини институции и интернационални организации како Здружението на пензионери, Клиника за геријатрија Скопје, Здравствен дом Скопје, ФЗОМ, Локална Самоуправа, Министерство за здравство, МТСП, Институт за јавно здравје, Центри за социјална работа, УНФПА и невладина организација Хуманост, за подготовка на Национален план за здраво стареење. Акциониот план ќе ги опфати сите аспекти на здравото стареење и ќе обезбеди фокусиран одговор на здравствениот систем во земјата. Предвидените активности ќе ги интегрираат сите сектори во креирањето на политики и одговорите поврзани со здравото стареење и ќе овозможат усогласување на активностите со целите за одржлив развој.

**Одбележување на Светскиот ден за борба против Туберкулоза**

На 24-март 2017 година беше одбележан Светскиот ден за борба против туберкулоза со подршка на Министерството за здравство на Р.М. а во рамки на проектот ДОТС интервеции во Р.М. кој е финансиски поддржан од Глобалниот фонд за борба против ХИВ/СИДА и туберкулоза. Во низа градови низ државата беа реализирани работилници за подигнување на информираноста и едукацијата со различни целни групи, со кое Црвениот крст на РМ даде придонес во националните напори за контрола на ова заболување.

**Одбележување на Неделата за борба против ХИВ/ СИДА 1-7 Декември**

Црвен крст на Република Македонија преку општинските организации на Црвен крст и во соработка со здруженија на граѓани на локално ниво ја одбележаа Неделата на борба против ХИВ/ СИДА, под мотото "Моето здравје - мое право". ООЦК организираа различни настани штандови на најфреквентни места, едукативни предавања, креативни работилници, на кои беа делени кондоми, промотивен и информативен материјал, маички со лого Стоп СИДА и беа давани информации за ХИВ вирусот, начинот на пренос на ХИВ/СИДА, превенција и тестирање за ХИВ. Целта на настаните беше да се подигне свеста за превенција од ХИВ и воедно да се намали стигмата поврзана со луѓето кои живеат со ХИВ вирусот.



**Психосоцијална подршка во кризни ситуации**

Во периодот од 03-05.03.2017 и од 29.03.-02.04.2017 година во тренинг центарот Солферино во Струга, во рамки на проектот за Психолошка прва помош во кризни ситуации и катастрофи,а со финансиска подршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина беше реализирана обука за Психолошка прва помош во кризни ситуации. Обуката беше реализирана во соработка со претставници на Црвениот крст на Хрватска, Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и наменета за обука на нови волонтери кои би се вклучиле во идни потреби и активности на Црвениот крст на Р. Македонија. Преку реализација на оваа обука Црвениот крст на Р.Македонија имаше за цел да се зајакнат капацитетите на националното друштво во областа на Психосоцијалната и првата психолошка помош за адекватен одговор на потребите при идни кризни состојби или катастрофи

**Заштита на населението од топлотните бранови – активности во рамки на акциониот план за превенција на здравјето од топлотни бранови**

Во рамки на усвоениот акционен план за топлотни бранови Црвениот крст на Р.М презеде активности за заштита на населението од топлотен бран. Во рамки на своите можности општинските организации на Црвен крст активираа тимови/ волонтери за делење на вода на населението во перодот од 10-16 часот за време на деновите со топлотен бран. Активностите се координирани со Министерството за здравство, градот Скопје и Центарот за управување со кризи. Во рамките на теренските активности, обучени волонтери и лекар, со возила на Црвениот крст патролираа по најфрекфентните локации во градот Скопје, делејќи флаширана минерална вода и флаери за граѓаните со совети како да се заштитиме од топлотниот бран. Исто така беше мерен крвен притисок на граѓаните кои се пожалија на здравствени потешкотии, а беше организиран и транспорт за постари лица и хронично болни кои побараа помош од екипите на Црвениот крст.

За активностите во овој период, беа ангажирани 30 волонтери од Тимот за одговор при катастрофи, 10 волонтери од Тимот за спасување на планина и 5 теренски возила, а за време на викенди беа ангажирани два тима на волонтери на Планинско спасителните станици Водно и Матка. Во текот на месец Јули во градот Скопје беа поделени 3 500 шишиња вода, а 32 лица побарале директна помош од мобилните тимови.

**Реализација на проектот “Превенција на болести кои предизвикуваат зависност”**

Во периодот септември-декември 2017 година трета година по ред се имплементираше проектот “Превенција на болести кои предизвикуваат зависност” финансиски поддржан од Црквата Исус Христос и светиите на подоцнежните дни. Вкупно 30 млади волонтери од општинските организацииКавадарци, Неготино, Крушево, Прилеп, Кичево, Штип, Радовиш, Виница, Делчево и Берово се стекнаа со знаења и вештини за организирање на превентивни работилници во основни и средни училишта за превенција од никотинизам, алкохолизам и злоупотреба на droги. Во рамки на проектот вкупно се одржани 129 работилници со вкупно 2.927 учесници во основни и средни училишта и 10 трибини.

**Реализација на обука за КАП методологија**

Во тренинг центарот Солферино во Струга, во месец ноември 2017 беше реализиран тренинг за КАП методологија (практики/ставови/знаења) насочени кон здравствениот дел на катастрофите и кризните ситуации, поддржан од МФЦКЦП. На истиот земаа учество претставници на Црвен крст на Република Македонија, Црвен крст на град Скопје, Општинска организација Куманово, Мобилниот тим Лојане, претставници од транзитниот центар во Гевгелија, Црвен крст Бугарија и Црвен крст Хрватска. Учесниците на обуката се стекнаа и со практични знаења во однос на подготовка на прашања за процена на знаења, ставови и практики за одредена тема од интерес, алатки,методи за добивање на сеопфатни информации со цел добивање на детална процена за одредена ситуација и како користејќи современи апликации да се добијат резултати за кратко време.

# ПРВАТА ПОМОШ - СПАСУВА ЖИВОТ

Со цел зајакнување на капацитетите на НД во обезбедување на квалитетни и достапни услуги од областа на првата помош за населението и различни целни групи во изминатата година беа реализирани активности за зајакнување на капацитетите на националното друштво за првата помош преку реализирани и освежителни курсеви за континуирана едукација на веќе едуцираниот кадар на НД во областа на првата помош согласно новините во областа на првата помош, спроведени нови обуки за едукатори и демонстратори по прва помош за кандидати за возачи

**Освежителни курсеви за предавачи и демонстратори за прва помош за различни целни групи**

Во текот на месец мај, Црвениот крст на Р Македонија реализираше пет освежителни курсеви за актуелните предавачи и демонстратори кои реализираат обуки за различни целни групи во рамки на Општинските организации од Црвен крст на Р Македонија и Црвениот крст на Град Скопје. Целта на овие предавања беа предавачите и демонстраторите кои се активни да се запознаат со новините во областа на првата помош, новите материјали кои се достапни за нивна доедукација и проширување на нивните знаења во оваа област. Преку овие освежителни курсеви беа опфатени 220 предавачи и демонстратори за прва помош.

**Реализација на обуки за прва помош за кандидати за возачи и за правни лица**

Општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на Град Скопје во текот на 2017 година реализираа во континуитет едукации за прва помош за возачи и за правни лица и преку истите опфатени беа 13186 кандидати за возачи и 805 лица од различни работни организации.



**Реализација на заедничка вежбовна активност со Армијата на Р.М по повод 25 години од нивното постоење**

Во текот на месец  мај 2017 година  на Воениот стадион во Градскиот парк во Скопје, Армијата на Република Македонија во рамките на одбележувањето на 25 години од постоењето, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија, беше изведена заедничка вежбовна активност за животоспасувачи на АРМ и Црвениот крст на Република Македонија. Целта на вежбата беше да се прикаже заедничката  подготвеност, како и брзиот, навремен и адекватен одговор при различни катастрофи и кризни состојби, особено во згрижување на поголем број на повредени лица.

**Државен натпревар по прва помош 2017**

На 16.09.2017 год во Скопје во населба Автокоманда, беше реализиран 26-от Државен натпревар по прва помош. На овој натпревар учество земаа 22 екипи од Општинските организации на Црвен крст.

Домаќин на овогодинешниот натпревар беше општинската организација на Црвениот крст на Гази Баба.

Екипите се натпреваруваа на 1 траекторија со 8 бази од кои 5 беа од областа на првата помош ( прва помош при различни видови на реалистично прикажани повреди), а 3 забава и дисеминација.

Победник на овогодинешниот натпревар е екипата на ООЦК Кисела Вода со освоени 1294 поени. Како второплaсирана е екипата на ООЦК Чаир со освоени 1251 поени, а третото место им припадна на екипата на ООЦК Кочани со освоени вкупно 1240 поени.

Во делот на дисеминација најдобра беше екипата на ООЦК Куманово.

**Одбележување на Светскиот ден на првата помош- 9 Септември 2017 година**

Светскиот ден за Прва помош е можност да се промовира и застапува заложбата за поседување на знаење и вештини за укажување на прва помош на пошироката јавност.

Оваа година главната тема е “Несреќите во домот” кое упатува на превентибилни или несакани повреди кои можат да настанат во домашни услови. Вештините за укажување на прва помош треба да бидат достапни за сите како хуманитарен акт кој ги овластува луѓето да спасуваат животи и да помогнат во закрепнување од  нагло настанати заболувања или повреди. Од овие причини, Црвениот крст на Р Македонија се залага да барем еден член од секое семејство биде едуциран и обучен да укаже прва помош, и за таа по повод овој ден организираа најразлични активности со различни целни групи на територијата на цела држава.





**Учество на состанокот на мрежата за Прва помош во Црна Гора**

Од 21-ви до 23-ти Септември, Црвениот крст на Црна Гора во Домот на Солидарност во Сутоморе беше домаќин на големиот Меѓународен собир посветен на првата помош FAEEN 2017 (First Aid Education European Network).

На собирот учествуваа околу 70 учесници од преку 30 земји од Европа, претставници на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена Полумесечина, Меѓународниот комитет и претставник на Министерството за здравство од Норвешка.

Состаноците на мрежата која се занимава со едукација во областа на првата помош се одржуваат еднаш годишно. На состанокот се рагледуваа нови достигнувања во првата помош , усогласување на насоките во однос на едукацијата, нови иновации, нови проекти, добри практики и искуства презентирани од претставници на различни земји.

На состанокот присуствуваа и претставници од компаниите Laerdal, Zoll и Cardiac Science кои имаа можност на учесниците да им презентираат дел од нивните нови производи за реализација на практичните обуки за прва помош како: автоматски надворешни дефибрилатори, фантом кукли,средства и материјали за укажување на прва помош итн.






**Учество на состанокот на Европската мрежа за Психосоцијална подршка**

Претставник на Црвениот крст на Р. Македонија зема учество на состанокот на Европската мрежа на Црвениот крст и Црвената полумесечина за Психосоцијална подршка (ENPS) кој се одржа од 6-ти до 8-ми Октомври во Хелсинки. Основна цел на Мрежата е да се олесни размената на искуства помеѓу Националните друштва и подршка во развој на психосоцијалната подршка во рамки на Националните друштва преку искуствата и добрите практики.

Темата на овогодинешниот состанок на Мрежата беа Иновациите во психосоцијална подршка во поглед на миграциите, различните катастрофи и останатите можни кризни состојби кои можат да се појават.

На состанокот беа презентирани различните искуства и практики на Националните друштва во однос на Иновациите на Финскиот иновационен Фонд СИТРА, иновациите во рамки на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена Полумесечина, интеграција на иновациите во психосоцијалната подршка,како и иновациите од неколку Национални друштва при различни кризни ситуации, новости од Психосоцијалниот Референтен Центар, искуства од неодамнешни кризни ситуации итн.

# КРВОДАРИТЕЛСТВО – ДАРУВАЈ КРВ, БИДИ ХУМАН !

Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина во 2017 година од планираните 55.000 единици крв реализираа 55.537 единици крв или планските обврски ги исполнија со 101.00 %. За разлика од 2016 година кога беа реализирани 55.909 единици крв забележани се послаби резултати за 372 единици крв.

Во градот Скопје, општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2017 година реализираа 20.062 единици крв или планските обврски ги исполнија со 128.40 %, што во споредба со 2016 година кога беа реализирани 19.630 единици крв бележат подобри резултати за 432 единици крв.

Во општинските организации на Црвен крст од внатрешноста, во 2017 година беа реализирани 35.475 единици крв или во споредба со 2016 година кога беа остварени 36.279 единици крв, постигнати се послаби резултати за 804 единици крв.

Во Градската општа болница "8-ми Септември" во Скопје, во службата за трансфузиона медицина во 2017 година беа реализирани 2.108 единици крв и во споредба со 2016 година кога беа реализирани 2.295 единици крв забележани се послаби резултати за 187 единици крв.

Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО "Даре Џамбаз" во Скопје во 2017 година беа реализирани 2.018 единици крв од кои 1.548 со самоиницијативно дарување на крв од граѓаните на Скопје и преку организирани крводарителски акции беа собрани 470 единици крв. Во споредба со 2016 година кога беа собрани вкупно 2.042 единица крв се забележани послаби резултати за 24 единици крв.

Планските обврски за крводарителство во 2017 година ги исполнија 18-ет општинските организации на Црвен крст и тоа : Битола 104.13 %, Валандово 100.58%, Велес 220.90 %, Виница 210.80 %, Делчево 102.47 %, Кавадарци 152.61 %, Кратово 108.44 %, Крива Паланка 144.90 %, Крушево 119.30 %, Неготино 127.98 %, Пробиштип 117.70 %, Свети Николе 185.64 %, Струга 119.90 %, Штип 161.48 %, Гази Баба 156.58 %, Карпош 102.30%, Центар 236.14 % и Чаир 105.76 %. Најдобар напредок во постигнување на резултати во крводарителство во Република Македонија во 2017 година во споредба со 2016 година постигна ООЦК Чаир од Скопје.

Тимот за координација, во текот на 2017 година одржа 120 координативни состаноци и координираше со 782 крводарителски акции на терен.




**Одбележан 17-ти март Денот на крводарителството во Р. Македонија**

17 март 2017 година со пригодни активности во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје се одбележа Денот на крводарителството во Република Македонија. На свечена седница на Собранието на Црвен крст на Република Македонија беа доделени плакети за исполнет план во крводарителство на 16 општински организации на Црвен крст и парични награди за трите првопласирани ООЦК Центар, Свети Николе и Велес во крводарителство за 2016 година.

**Одржани едукативни семинари и работилници за доброволно крводарителство**

Во периодот од 19-21 мај 2017 година во хотел,,Солферино,, во Струга се одржа работилница за едукација на мотиватори за доброволно крводарителство. На работилницата зедоа учество 23 претставници од ООЦК Гази Баба, Кисела Вода, Чаир, Центар, Карпош, Кочани, Неготино, Велес, Тетово, Гостивар, Струмица, Струга, Куманово, Кавадарци, Охрид и Битола, претставници од Клубот на крводарители на Црвен крст на град Скопје, од Дневен центар за дарување на крв и претставници од АРМ.

На работилницата учесниците имаа можност да добијат информации и да разменат искуства со претставници на Црвениот крст на Баварија

- Германија. Низ процесот на евалуација сите учесници споделија свои мислења, впечатоци и сугестии за работилницата и воопшто за унапредување на крводарителството.

Во организација на Црвениот крст на Република Македонија во Струга во периодот од 15-17 септември 2017 година под мотото “Улогата на младите во процесот на мотивирање”, се одржа семинар за едукација на млади мотиватори за доброволно крводарителство со Клубови 25. На семинарот учествуваа 23 учесници - млади мотиватори од Клубовите 25 на Градската организација на Црвен крст на Скопје, општинските организации на Црвен крст Битола и Охрид, млади од Клуб 25 на Црвен крст Тирана - Албанија и Клуб 25 на Црвен Крст Нови Сад од Република Србија, и 8 членови на Клубот на крводарители на Црвен крст на Скопје. Учесниците на семинарот покажаа голема мотивираност за работа и активно учество на работилниците, интерес за презентираните теми, активно споделување на искуства, знаења и вештини, голема креативност и посветеност на тимската работа. Во групите се разви позитивна и работна атмосфера која резултираше со успешна работа и усвојување на нови знаења – што е предуслов за нивна идна добра активност како мотиватори за доброволно крводарителство. На 16 септември 2017 година од страна на младите од Клубови 25 и членовите на Клубот на крводарители поделени во 4 групи беше спроведена анкета во централното подрачје на градот Охрид. Анкетниот прашалник беше подготвен од страна на учесниците на семинарот и беа анкетирани 40 лица. Резултатите од анкетата покажаа дека граѓаните на Охрид и туристите не се доволно информирани за крводарителството. Учесниците на семинарот имаа можност преку On line квиз апликација да си ги проверат своите знаења од тематика крводарителство. На крајот на семинарот преку евалуација се споделија очекувањата и се донесоа одредени заклучоци.




**Одбележан 14-ти јуни Светскиот ден на крводарителството**

14 јуни – Светскиот ден на крводарителството беше одбележан под мотото “Не чекај да се случи несреќа. Што може да сториш ? Дарувај крв. Дарувај сега. Дарувај често.” Централниот настан се одржа на Улица Македонија, пред спомен куќата на Мајка Тереза. На споменатата локација беа поставени тенди, младите од Клубот 25 и крводарители на Клубот на крводарители на Црвен крст на град Скопје на случајните минувачи им делеа информативни и едукативни материјали, а екипа од Институтот за трансфузиона медицина на граѓаните бесплатно им одредуваше крвна група. Беше организиран и квиз со награди како мотивација за оние што ќе одговорат на прашањата за крводарителство. Настанот медиумски беше проследен од повеќе Национални телевизии, радија и дневен печат.



# МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ ОД КОРПОРАТИВЕН СЕКТОР

Црвениот крст на Република Македонија во изминатата година оствари соработка со неколку значајни компании во земјата кои го практикуваат општественото одговорно работење и истите обезбедија поддршка на проекти и програмски активности за помош на ранливи целни групи население во земјата. Во текот на годината беа имплементирани и заедничките иницијативи на Црвениот крст и компаниите кои покрај тоа што имаа одредена хуманитарна цел, истите претставуваа и поттик за вклученост на вработените на компаниите преку кои ја искажаа својата социјална одговорност. Тие заедно со волонтерите и вработените на Црвениот крст беа дел од имплементираните акции за поддршка и помош на ранливи целни групи население во земјата.

Во текот на 2017 година беше остварена значителна поддршка на проекти и програмски активности на Црвениот крст на РМ во вкупна вредност од 2.100.000 денари.

Црвениот крст на РМ во текот на годината оствари соработка со стопанските комори во земјата за поддршка на проектните и програмските активности, кои овозможија поддршка од нивните членки за имплементација на хуманитарни активности на Црвениот крст.

| **КОМПАНИИ** | **Обезбедена поддршка на проектни и програмски активности** |
|---|---|
| **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје** | **Поддршка на Проект за подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби (340 деца) имплементиран преку седум општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.** |
| **МАКПРОГРЕС, Виница** | **Поддршка на Проект за подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби (90 деца) имплементиран преку седум општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.** |
| **ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје** | **Поддршка на активности на Дневниот центар за стари лица и центарот за давање помош во домашни услови, кој функционира преку Црвениот крст на град Скопје** |
| **ЕВН Македонија** | **Поддршка на хуманитарна акција „Да споделиме насмевка" – новогодишни подароци за 500 деца** |
| **ВЕЗЕ ШАРИ, Тетово** | **Поддршка на Пунктот за бездомници – храна од производи на компанијата во текот на годината** |
| **Фондација Телеком за Македонија** | **Обезбеден бесплатен број за донации** |
| **Оне.Вип** | **Обезбедени бесплатни броеви за донации** |

**Партнерски состанок**

На 13 декември Црвениот крст на Република Македонија го организираше осмиот Партнерски состанок со цел да се промовираат хуманитарните вредности на Црвениот крст на Република Македонија за потикнување на стратешки партнерства за надминување на проблемите со кои се соочува населението во заедниците. Партнерскиот состанок се одржа под покровителство на АД Пивара Скопје, компанија која остварува соработка и поддршка на хуманитарните активности на Црвениот крст на Република Македонија. На партнерскиот состанок присуствуваа претставници на владини институции, стопански комори и претставници на корпоративниот сектор. Изминативе години Црвениот крст оствари соработка и беа спроведени заеднички иницијативи со над триесеттина големи компании со што се овозможи да се излезе во пресрет на над десетина илјади корисници на услуги на годишно ниво, кои ги опслужува нашата организација како ранливи целни групи.

На партнерскиот состанок беа доделени две признанија. На Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и беше

доделено признание „Сребрен поддржувач“ за обезбедената повеќегодишна поддршка на проектни активности и остварената партнерска соработка и „Посебно признание“ на Прилепска Пиварница АД Прилеп за поддршката во функционирање на Дневен центар за лица со оштетен вид. На настанот беше претставен каталогот на проекти во кој се содржани вкупно 58 проектни иницијативи изработени од општинските организации на Црвениот крст, Црвениот крст на град Скопје и централната канцеларија на Црвениот крст на РМ, со цел да се поттикне интерес на партнерите за заедничко дејствување и воспоставување стратешки партнерства во одредени сфери од взаемен интерес.








# ФИНАНСИСКИ  ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализирани приходи и расходи. Финансискиот извештај  претставува потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци  покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 92,08% за разлика од  2016 кога остварувањето изнесуваше 262,18%.  Сопствени проходи се реализирани со 123,15% и учествуваат со 14,24% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори , претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации,  каде  се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 88,38% бележат пад во однос на 2016 кога се реализирани 288,07%. Истите  зафаЌаат 85,76% од вкупно реализираните приходи во 2017 година.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, Што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци се намалени во однос на претходната година и изнесуваат 83,92%, расходот за  плата на вработените изнесува 7,69%, а материјалните трошоци изнасуваат 8,4%. Од вкупно реализираните расходи  14,01%  се однесуваат за потребите на централата и бележат пад во однос на минатата година, 37,19% се директно префрлени во опШтинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, додека останатите  48,8% се средства кои се потрошени во централанта канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се  однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2018 година.

Од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна ревизија на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши  ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Македонија. Според мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај  се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Македонија.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

| | Буџет 2017 | Реализирано 2017 | % | % во 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **165,528,972.00** | **152,420,230.00** | **92.08** | **542.93** | **92.08** |
| Сопствени извори на приходи | 17,618,800.00 | 21,697,658.00 | 123.15 | 47.26 | 14.24 |
| Приходи од органи / донатори | 147,910,172.00 | 130,722,572.00 | 88.38 | 288.07 | 85.76 |
| | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **165,528,972.00** | **130,789,397.00** | **79.01** | **363.77** | |
| Плати и надоместоци на вработени | 10,364,416.00 | 10,051,722.00 | 96.98 | 91.22 | 7.69 |
| Расходи за материјали и услуги | 9,585,138.00 | 11,904,273.00 | 124.20 | 212.18 | 9.10 |
| Функционални (програмски) расходи | 145,579,418.00 | 108,833,402.00 | 74.76 | 256.52 | 83.21 |
| | | | | | 100 |
| **РАЗЛИКА** | **0.00** | **21,630,833.00** | | | |

## П Р И Х О Д И

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи / донатори | Буџет 2017 | Реализирано Од сопствени извори | Реализирано Од органи и донатори | Реализирано 2017 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | | |
| 741 | Министерство за Труд и социјална заштита | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | 100.00 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 6,763,000.00 | 6,763,000.00 | | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | 88.72 |
| 742 | Социјално - хуманитарна дејност | 200,000.00 | 19,330,000.00 | 19,530,000.00 | 52,867.00 | 23,054,097.00 | 23,106,964.00 | 118.32 |
| 742 | Организација и развој | | 7,096,000.00 | 7,096,000.00 | 312,279.00 | | 52,867.00 | 100.00 |
| 742 | Прва помош | 2,500,000.00 | | 2,500,000.00 | 2,428,570.00 | | 2,428,570.00 | 97.14 |
| 742 | Здравствено воспитание | | 3,268,522.00 | 3,268,522.00 | | 2,530,878.00 | 2,530,878.00 | 77.43 |
| 742 | Младина | 420,000.00 | | 420,000.00 | 156,800.00 | 744,828.00 | 901,628.00 | 100.00 |
| 742 | Катастрофи | | 100,146,530.00 | 100,146,530.00 | 35,200.00 | 62,702,213.00 | 62,737,413.00 | 62.65 |
| 742 | Дисеминација | | 756,120.00 | 756,120.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | 200,000.00 | 200,000.00 | 27,000.00 | | 27,000.00 | 13.50 |
| 742 | Информирање и комуникација | | 450,000.00 | 450,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Служба барање | | | 0.00 | | 1,054,355.00 | 1,054,355.00 | 0.00 |
| 742 | Меѓународно оделение/меѓународна соработка | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Мобилизирање на фондови | | | 0.00 | | | 0.00 | |
| 742 | Финансии (други приходи)/кредит за кола/ задршка од вработени,камати/ | | | 0.00 | 2,335,181.00 | 1,671.00 | 2,336,852.00 | 100.00 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | | | | | | 0.00 | |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,500,000.00 | | 1,500,000.00 | 1,417,939.00 | | 1,417,939.00 | 94.53 |
| 725 | Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | 90,088.00 | | 90,088.00 | 45.04 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 500,000.00 | | 500,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 725 | Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 300,000.00 | | 300,000.00 | 175,703.00 | | 175,703.00 | 58.57 |
| 723 | Од закупнинана деловен простор/други приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 1,598,920.00 | | 1,598,920.00 | 83.33 |
| 725 | Од регистрација возила | 1,030,000.00 | 9,900,000.00 | 10,930,000.00 | 523,199.00 | 9,940,799.00 | 10,463,998.00 | 100.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата //Фонд на солидарност /Фонд за развој/пхв | 50,000.00 | | 50,000.00 | 57,286.00 | 1,413,626.00 | 1,470,912.00 | 100.00 |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 3,000,000.00 | | 3,000,000.00 | 6,486,626.00 | 23,280,105.00 | 29,766,731.00 | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **17,618,800.00** | **147,910,172.00** | **165,528,972.00** | **21,697,658.00** | **130,722,572.00** | **152,420,230.00** | **92.08** |

**Р А С Х О Д И**

| | ОПИС | Од сопствени извори | Од органи и донатори | Буџет 2017 | Реализирано Од сопствени извори | Реализирано Од органи и донатори | Реализирано 2017 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | | |
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 8,090,200.00 | 2,244,216.00 | 10,334,416.00 | 5,377,985.00 | 4,217,429.00 | 9,595,414.00 | 160.08 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 30,000.00 | 0.00 | 30,000.00 | 99,436.00 | 356,872.00 | 456,308.00 | 1,521.03 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | | **8,120,200.00** | **2,244,216.00** | **10,364,416.00** | **5,477,421.00** | **4,574,301.00** | **10,051,722.00** | **96.98** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 70,000.00 | 0.00 | 70,000.00 | 800,172.00 | 1,635,543.00 | 2,435,715.00 | |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,065,000.00 | 0.00 | 1,065,000.00 | 896,795.00 | 111,345.00 | 1,006,140.00 | |
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 625,000.00 | | 625,000.00 | 142,667.00 | 205,256.00 | 347,923.00 | |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,520,000.00 | 2,916,917.00 | 4,436,917.00 | 1,478,684.00 | 1,208,799.00 | | |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 1,229,346.00 | 4,886,518.00 | 6,115,864.00 | 2,249,778.00 | 5,114,999.00 | | |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 962,000.00 | 0.00 | 962,000.00 | 1,055,149.00 | 328,261.00 | 1,383,410.00 | |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 3,313,792.00 | 41,798,930.00 | 45,112,722.00 | 4,040,416.00 | 13,240,393.00 | | |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 400,000.00 | 770,000.00 | 1,170,000.00 | 172,460.00 | 1,057,028.00 | 1,229,488.00 | 105.08 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 0.00 | 22,999,313.00 | 22,999,313.00 | 0.00 | 48,643,114.00 | 48,643,114.00 | 211.50 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **17,305,338.00** | **75,615,894.00** | **92,921,232.00** | **16,313,542.00** | **76,119,039.00** | **65,097,512.00** | **70.06** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | | 220,000.00 | 220,000.00 | 123,878.00 | 2,556,150.00 | 2,680,028.00 | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | | | | | | | |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 400,000.00 | 0.00 | 400,000.00 | 826,545.00 | 1,702,500.00 | 2,529,045.00 | |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0.00** | **0.00** | **400,000.00** | **826,545.00** | **1,702,500.00** | **5,209,073.00** | **1,302.27** |
| | ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 0.00 | 71,987,740.00 | 71,987,740.00 | 117,729.00 | 33,030,014.00 | 33,147,743.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | | **0.00** | **71,987,740.00** | **71,987,740.00** | **117,729.00** | **33,030,014.00** | **33,147,743.00** | **0.00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **17,705,338.00** | **147,823,634.00** | **165,528,972.00** | **17,381,694.00** | **113,407,703.00** | **130,789,397.00** | **79.01** |

Финансиска Служба
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| трансфери во ООЦК | 48,643,114.00 | 37.19 |
| тросоци за цетралата | 18,321,863.00 | 14.01 |
| тросоци од централата за ООЦК | 63,824,420.00 | 48.80 |
| вкупно | 130,789,397.00 | 100.00 |

## *Реализирани приходи во 2017*







## *Расходи во 2017*






До:

Раководството на

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (во понатамошниот текст Организација), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2016 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Приложените финансиски извештаи за 2016 година се состојат од извештаите за редовното работење на Организацијата како и извештаите за проектите: 1) Кампања за ХИВ/СИДА; 2) Австриски Црвен Крст; 3) Глобален фонд за одржување на ниска преваленца на ХИВ/СИДА во РМ; 4) Меѓународна федерација на Црвен Крст и Црвена Полумесечина; 5) Превземање акција на социјална инклузија на стари лица; 6) ДОТС Интервенции во РМ, 7) Промоција на хумани вредности, 8) Германски Црвен Крст, 9) Конкурентност на пазар на труд и извештаите за двата фонда: 1) Фонд за развој и 2) Фонд за солидарност, како и сметка за донации по електронски пат. Проектите се финансирани од посебни донатори и истите се реализираат преку посебни (наменски) подсметки на Организацијата. За нив Организацијата не изготвува посебни финансиски извештаи.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење на ревизорот**

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2016, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Менаџментот на Организацијата е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2016 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2016 година.

Скопје, 6 март 2017 година

Управител
Драган Димитров

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Овластен ревизор
Звонко Кочовски


БИДИ НЕЧИЈ
ХЕРОЈ
ДАРУВАЈ КРВ
ДАРУВАЈ
ЖИВОТ

WWW.REDCROSS.ORG.MK

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

YouTube www.youtube.com/MacedonianRedCross